# ТАВОР

Списание на Кумановско-осоговската епархија
**Година IV • Број 13**
**2017**



За љубовта

Секојдневна духовност

Дали се грижиш за своите деца?

За осветувањето на домовите

Надеж

Пресветата Мајка Божја

Дојдете да го празнуваме сесветското успение на Божјата
Мајка. Денес ангелите го торжествуваат свештеното
претставување на Богомајката. и нас, земните нè повикуваат на
веселбата, за со незамолчлив глас да воскликнеме:
„Радувај се, Ти која од земјата се претставуваш,
и кон небесните обители се преселуваш!
Радувај се, Ти која соборот на учениците
како лек облак го собра!
Радувај се, надеж и спасение наше,
зашто Тебе родот христијански непрестајно Те ублажува!“

*Од вечерната богослужба на Успението на Пресвета Богородица*

Тавор • Четворомесечник на Кумановско-осоговската епархија на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија
Главен уредник: Митрополит Кумановско-осоговски г. д-р Јосиф
Редакција: Милан Јаковчевски, м-р отец Филип Станковски
Печати: „Нипонграфик“, Охрид

*Корица:*
*Поглед кон соборната црква од манастирот „Свети Павле“ на Света Гора.*

# ТАВОР

април 2017 • година IV • број 13

**Литургиски круг**

1 Чување на преданието
*Презвитер Стивен Костов*

4 Свети Јован Крстител
*Јеротеј Влахос,*
*Митрополит Навпактски*

6 За љубовта
*Пантелејмон,*
*Архиепископ Антинојски*

**Општество**

35 Слобода од гревот
*Кирил,*
*Патријарх Московски и Руски*

**Созерцание**

38 Надеж
*Георгиј Кодр,*
*Митрополит Ливански*

**Биоетика**

40 Црквата и „невидливите деца“
*Венди Цвиклински*

**Веронаука за возрасни**

9 Православна духовност, трета лекција: Секојдневна духовност
*Презвитер Алексеј Јанг*

14 Буквар на семејниот живот, трета лекција: Првата година од бракот
*Протопрезвитер Павел Гумеров*

21 Дали се грижиш за своите деца?
*Атанасиј, Митрополит Лимасолски*

25 Дали веруваш?
*Августин, Митрополит Лерински*

28 Зошто Господ понекогаш не ни ги услишува молитвите?
*Св. старец Порфириј Кавсокаливит*

31 За осветувањето на домовите
*Презвитер Александар Ермолин*

**Детски буквар**

42 Пресветата Мајка Божја

БОГОРОДИЧЕН ПОСТ

# ЧУВАЊЕ НА ПРЕДАНИЕТО

Презвитер Стивен Костов



*Пештерска црква посветена на света Соломонија, мајката на Макавеите. Пафос, Кипар.*

На 14. август го празнуваме споменот на Седумтемина Макавеи, нивната мајка Соломонија и нивниот учител Елеазар, сите пострадани во 168. година пред Христа. Како такви, тие се првомаченици уште пред времето Христово и подоцнежните маченици од христијанската ера. Овие маченици пострадале затоа што одбиле да ги отфрлат заповедите од Законот, кога така заповедал сирискиот тиран Антиох Епифанос IV. Откако ја освоил Светата Земја, Антиох сакал да го скрши единството на Евреите и да ги принуди да се асимилираат пред стандардите и обичаите на владеачката елинска култура. Напаѓајќи ги заповедите од Законот, Антиох сакал да го уништи самото срце на јудаизмот. На тој начин, сметал тој, Евреите би станале како и „другите народи“, и би било можно да исчезне бунтот што го чувствувале кон своите поробители. Секако, поради Макавејското востание предводено од Јуда Макавеј, не дошло до ова, и елино-сириските поробувачи биле протерани, а за последен пат биле возобновени и славните денови на Израелското Царство (142. - 63. пред Хр.), кога Римјаните, на чело со Помпеј, го поробиле и претвориле во провинција.

Да се вратиме на мачеништвото на Макавеите. Поучени од нивниот учител Елеазар, тие не го почитувале указот со кој на Евреите, и покрај забраната од Законот, им било наложено да јадат свинско месо. Заклучувајќи дека тоа било закана за севкупниот предански начин на живеење, Елеазар одбил да јаде и поради тоа бил мачен до смрт. Од него било побарано само да се „преправи“ дека јаде од месото, колку да им даде пример на другите. Како одговор, неговите последни зборови

запишани во Првата Макавејска книга на јасен начин ја сведочат неговата верност на Законот Божји: „Веднаш нека ме предадат на смрт. Зашто на нашата возраст не ѝ прилега да се претвораме, така што многумина од младите да помислат дека деведесетгодишниот Елеазар минал во верата на незнабошците, па, поради мојата лицемерност, заради краткиот и ништожен живот, преку мене да паднат во заблуда, а со тоа јас би ѝ ставил дамка и срам на мојата старост. Па и кога би се избавил од човечките измачувања во овој живот, во сегашново време, јас не би можел да избегам од сесилната десница на Севишниот ни во овој живот, ниту по смртта во другиот. Затоа сега, откажувајќи се храбро од овој живот, ќе се покажам достоен за својата старост, а на младите ќе им оставам добар пример како треба за почитуваните свети закони со гордост И храброст да се оди во смрт.“ (2Мак 6,24-28). По неговата смрт, Седумтемина Макавеи и нивната мајка Соломонија биле затворени. Откако биле измачувани поради одбивањето да јадат нечиста храна, еден од нив рекол: „Ние сакаме повеќе да умреме, отколку да ги згазиме законите на нашите татковци“ (2Мак 7,2). Разгневен од таквиот побожен отпор, тиранот наредил сите седум браќа да бидат мачени на најразлични нечовечни начини. Сето ова го сведочела нивната мајка, која во еден ден видела како ѝ ги убиваат седумте сина. Однесувајќи се „противприродно“, таа ги храбрела нејзините деца „на татков јазик“ храбро да ги истрпат маките на нивните нежни тела: „Јас не знам како се најдовте во мојата утроба; јас не ви ги подарив ни духот ни животот, ниту преку мене се образувал составот на секого од вас. Затоа, Создателот на светот, Кој го создал човечкиот род и на сѐ му дал почеток, пак милостиво ќе ви даде и дух и живот затоа што сега не се штедите заради Неговите закони“ (2Мак 7,22-23). Во последнава реченица среќаваме јасна алузија на воскресението од мртвите.

Најпотресна е смртта на нејзиниот последен и најмлад син. Нему му биле ветувани богатства и висока позиција, доколку само се согласел да ги „напушти старите обичаи“. Соломонија била принудена да го советува сина си, што и го сторила со овие зборови: „Сине, смилувај се над мене. која сум те носела девет месеци во мојата утроба, три години со млеко сум те доела, сум те хранела, одгледала и воспитала. Ти се молам, сине, погледни ги небото и земјата и сѐ што е на нив и знај дека сето тоа Бог го создал од ништо, знај дека така настанал и човечкиот род. Не плаши се од убиецот, туку биди достоен за твоите браќа и прими ја смртта за да те придобијам пак, по Божја милост, заедно со твоите браќа” (2Мак 7,27-29). Во овие стихови јасно се забележува исповедање дека Бог создава *ex nihilo* - *ни од што* - и тоа најјасно во целиот Стар Завет.

Потоа умира и најмладиот од браќата, откако го посведочува значењето на нивното маченишто и го предупредува мачителот за



*Трет вселенски собор, фреска.*

неговата неизбежна судбина: „Нашите браќа, кои ги претрпеа сега овие преодни маки, според Божјиот завет, добија вечен живот, а ти, според Божјиот суд, ќе добиеш справедлива казна за твојата гордост. И јас, како и моите браќа, ги предавам душата и телото за татковските закони, молејќи Му се на Бога набргу да се смилува над Својот народ, а ти, во маки и страдања, да признаеш дека е Он единствен Бог“ (2Мак 7,36-37). Во следните стихови читаме дека „по синовите умре и мајката“ (стих 41).

Тешко е да кажеме до кој степен сето ова се однесува на сите нас денес. Може да имаме длабока почит за ревноста кон Законот што е прикажана во оваа трогателна сцена на повеќе мачеништва, а особено кон прекрасните мајчински зборови во кои е искажана нашата вера во силата на Создателот, Неговата промислителна грижа за нас и крајниот дар на воскресение и вечен живот со Бога, но сето ова е светлосни години далеку од нашиот современ христијански вкус. Попрво, ваквата ревност денес најверојатно би била протолкувана како зилотска, ако не и фанатичка. Ние денес не сме заинтересирани за вакви мачеништва. Но, како и да е, сметам дека од оваа древна епизода за нас има една поважна порака.

На денот на светите Макавеи, на 14. август, започнува Богородичниот пост. Црквата - би рекле, нашата Мајка - нè охрабрува да го запазиме овој пост, и да бидеме уверени дека преку него ќе бидеме воведени во еден период што е создаден за да ни донесе духовна корист. Постот е дел од православниот начин на живот, и како таков верните во Црквата го чувале со векови. Би можеле да речеме дека постот е дел од „заповедите на нашите отци“. Пазејќи ги овие заповеди, ние го продолжуваме преданието што нам ни било предадено, преданието што сме го примиле. Презирањето, пак, на овие заповеди, би значело кршење на преданието, а тоа би довело до разјадување на нашиот православен христијански идентитет. Духот на тиранот Антиох Епифанос е жив и претставува постојано искушение со кое сме соочени во општеството што нè опкружува, а според кое смислата на животот е во мантрата „јади, пиј и весели се“.

Денес ние не сме соочени со официјални заповеди со кои од нас се бара да се откажеме од верата. Постои еден шум што никогаш не престанува да нè заведува со безбожниот начин на живеење, особено затоа што сето тоа е спакувано во многу привлечна амбалажа. Со други зборови, се очекува да ја платиме високата цена доколку сакаме да уживаме во удопствата што ни се нудат.

Ретко од кого било од нас ќе биде побарано да биде маченик, но од нас се очекува да покажеме воздржаност и дисциплина, со цел да го зајакнеме внатрешниот живот додека постиме. Ако сме убедени дека постот е непријатен, неудобен или непосакуван, тогаш самите себе се поставуваме надвор од применото предание што тврдиме дека го следиме и почитуваме.

Постарите членови на нашата заедница можат да ги запамтат зборовите на Елеазар и да видат дека тие се пример за нашите помлади членови. Сите ние сме одговорни за воспитувањето на следното поколение. Мајките и татковците можат да ги поттикнат своите деца на начин што ќе биде охрабрувачки, а не само приговарачки. Сето ова нема никаква врска со обичниот „легализам“, туку со начинот на живот што православните христијани го практикувале со векови, а кој и до ден денес е исто толку значаен. Само што, како што гледаме и преку примерот на Седумтемина Макавеи, сето ова е прашање на слободен избор.

# СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ

Јеротеј Влахос,
Митрополит Навпактски



*Отсекување на главата на Чесниот Претеча и Крстител Јован, минијатура.*

Свештеникот, возљубени мои браќа, на отпустот од Божествената Литургија и другите богослужби, покрај Христа, спомнува повеќе светињи по определен редослед, и тоа Пресветата Мајка Христова, Чесниот Крст, ангелите, Чесниот Претеча и Крстител, апостолите, мачениците, блажените отци, светителите чијшто спомен се празнува тој ден и конечно, сите светии. Оттука е јасно дека Чесниот Претеча се наоѓа на високо место, меѓу Пресветата и апостолите. И ова го покажува големото значење што Црквата ѝ го придава на личноста на Чесниот Претеча.

Ако секој човек со влегувањето во овој живот пред себе ја има длабоката цел да стане светител, да влезе во Царството Божјо, тогаш Чесниот Претеча покрај оваа вродена цел, има и една друга, поразлична - да ги приготви

## КОГА ХРИСТОС ПОФАЛУВА НЕКОГО, ТОГАШ НЕМУ НЕ МУ ТРЕБА ЧОВЕЧКА ПОФАЛБА. АКО СИТЕ ЛУЃЕ НÈ ФАЛАТ, А ХРИСТОС НЕ НÈ ПРИФАЌА, ТОА ВООПШТО НЕ НИ КОРИСТИ.

луѓето да Го примат Христа. И поради тоа се нарекува Претеча (Претходник). Неговото раѓање било плод на молитва и особена благодат Божја. Начинот на којшто пораснал бил чудесен, бидејќи од тригодишна возраст живеел во пустината. Неговото дело било големо, зашто проповедал покајание и го водел народот кон него, и навистина бил „најпочитуван меѓу пророците". Неговата средба со Христа ја покажува големината на неговото смирение. И начинот на којшто завршил неговиот живот се покажал велик. Откако јавно го разобличил иродовиот грев, се удостоил со маченичка смрт. И така, значи, во неговата личност се собрани обележја на сите светители: животот на подвижниците, делото на апостолите, виденијата на пророците и исповедништвото и храброста на мачениците.

Сите познати светители имале некаков агиограф кој ги откривал нивните добродетели и славен живот. Чесниот Претеча, пак, нема потреба од агиографи, зашто го има сведоштвото Христово. Ова се вели и во неговиот тропар: „Споменот на праведникот е со пофалби, а на тебе ти е доволно сведоштвото Господово, Претечо". И навистина, Христос го восфалил со најсилни зборови: „Нема поголем од Јована Крстителот меѓу родените од жена" (Мт 11,11). Ова значи дека ниту еден човек во историјата, до тој ден, не бил поголем од Претечата. Свети Кирил Александриски вели дека Христос го кажал тоа слово „поради неговото големо достоинство". И свети Јован Златоуст вели дека „ниту една жена не родила поголем човек од него".

Кога Христос пофалува некого, тогаш нему не му треба човечка пофалба. Ако сите луѓе нè фалат, а Христос не нè прифаќа, тоа воопшто не ни користи. И обратно, ако Христос нè фали, тогаш во тоа се состои нашето спасение, па макар и сите луѓе да нè презираат.

Треба да ревнуваме да слушнеме пофалба од Христа кога пред Отецот ќе ги исповеда оние што живееле со Него, а не да се бориме за човечките пофалби. Ова ќе го достигнеме ако го живееме животот и устројството, тихувањето и исповедништвото што ги имал Чесниот Претеча, чии молитви да ги имаме пред милостивиот Бог.



*Архиерејска Литургија на празникот на Отсекување на чесната глава на свети Јован Крстител во Кратово, 11 септември 2015 година.*

НЕДЕЛНО ЕВАНГЕЛИЕ



*Минск, Белорусија*

# ЗА ЉУБОВТА

## *беседа на Евангелието од 19. недела по Педесетница*

Пантелејмон, Архиепископ Антинојски

Човекот по природа е општествено битие. Тој живее, се движи, делува и се развива во една заедница сочинета од луѓе. Уште од самиот почеток на создавањето, самиот Бог забележал дека „не е добро за човекот да биде сам“ (1Мој 2,18), и затоа ја создал жената. Откако претходно од Адама извадил едно ребро, Тој го пополнил телото што недостасувало, и му ја покажал Ева на Адама, поставувајќи ја за негов помошник. Со други зборови, самиот Бог го создал, а потоа и го благословил човечкото општество. Грчките философи循 велеле: „Човек што не живее со луѓе е или бог, или луд“.

Троединиот Бог е заедница, зашто е Троица: Отец, Син и Свет Дух. Бог е Еден по суштина, но Троица по ипостас, односно личност (ипостас значи начин на постоење). Меѓу Трите Ипостаси владее потполен и совршен љубовен однос. Ниту едно создание во сета вселена, видливо и невидливо, не Го познава Отецот, освен преку Синот; и никој не може да Го познае Синот, ако Отецот не му Го објави. Светиот Дух ги испитува длабочините на суштината на Отецот.

Љубовта на Трите Личности е взаемна и е изразена кон светот, особено кон човекот. Љубовта е од Бога, и секој којшто го љуби својот ближен е од Бога и Бога Го знае. Оној што нема љубов, не Го познал Бога, зашто Бог е љубов (1Јн 4,7-8). Оној што ревнува да пребива во љубовта кон своите ближни, учествува во Божјата љубов и Бог пребива во срцето на човекот што има љубов. Поради ова, ако Бог нѐ има толку возљубено, и ние мора да се љубиме еден со друг на сличен начин (1Јн 4,11).

Љубовта е врзивно ткиво во нашите односи со ближните. Прашањето на денешното евангелско четиво е: Дали правилно љубиме? Дали нашата љубов е љубовта што Бог ја бара од нас, чиста и безусловна? Дали нашата љубов е различна од световната?

Ако на пример, ние не ги надминеме границите на секојдневниeто, ако не ги надминеме своите слабости, тогаш на кој начин нашата христијанска љубов се разликува од другите? Ако ги љубиме само оние што нас нѐ љубат, тогаш каква благодат сме примиле од Бога? Како би го познале Божјото дело и силата на Светиот Дух во внатрешната промена на нашиот карактер? Кога човек во Христа се крштева, тој станува ново создание, одново се раѓа. Но, иако човекот го прима овој Божји дар во моментот на крштението, сепак, доколку не ја активира благодатта Божја во својот живот, тогаш дарот останува неактивен и не му користи.

Човек што не го љуби својот ближен безусловно докажува само едно нешто - дека не Го познал Бога. Грешниците ги љубат грешниците, зашто се надеваат на некаква корист од нив.

На сличен начин, кога на нашите ближни им правиме добри дела, никогаш не смее да мислиме за возврат да добиеме нешто од нив. Не смее да дадеме некаков подарок, планирајќи да побараме противуслуга во блиска иднина. Не смее да дадеме некаков подарок на човек кој е на висока позиција, за подоцна да постигнеме некаков напредок во кариерата. Ваквите дела не се во склад со Бога.

Православниот христијанин не прави добри дела за да добие световна сатисфакција туку, напротив, тој прави добри дела поради љубовта што ја чувствува кон својот ближен и кон Бога. Тој им помага на оние што не се во можност да му возвратат на неговата добродетел. Ако имаш храна во изобилство, нахрани ги сиромашните и луѓето што гладуваат. Ако имаш облека повеќе одошто ти е потребно, облечи ги оние што не можат да си приуштат да купат нова облека. Отвори го твојот плакар и ќе видиш колку непотребни работи чуваш таму, а преку ближниот можеш да Го облечеш и нахраниш самиот Христос.

Зошто ги полниме плакарите со толку алишта кои, на крајот, ќе ги јадат молци? Зошто се бориме да имаме дебели сметки во банките, а ни е тешко да им помогнеме на семејствата што навистина имаат потреба од наша помош? Некој троши милиони во казино, играјќи карти, фрлајќи коцки, трошејќи го времето на коцка, надевајќи се дека ќе стане уште побогат, а кога ќе го замолиш да им помогне на луѓе што имаат вистинска мака, одеднаш ти вели дека не може да оддели ни



денар, неговото лице се помрачува и само наоѓа изговори со цел да не помогне.

Но, возљубени мои пријатели, вие мора да знаете дека човекот што му помага на сиромашниот, на Бога Му позајмува. Неговите добри дела ќе го следат и по смртта, и на Судниот ден ќе се заложат за него пред Праведниот Судија Кој ќе им суди на живите и на мртвите.

Нашата христијанска љубов мора да биде како сонцето и дождот. Оти, Бог го дава сонцето и го испраќа дождот не само на праведните, туку на сите луѓе на земјата, дури и на оние што се противат на Неговата волја. На сличен начин, православниот христијанин ги љуби не само оние што го љубат него, туку и оние што го мразат. Православниот христијанин ги љуби и оние што му наштетиле, што му завидуваат, што го гонат и оние што секојдневно му прават лоши работи. Како што нашиот Господ и Спасител Исус Христос им простил на оние што Го распнале, и тоа додека бил на Крстот, во моменти на најголема болка, така и ние мора да им простиме на сите што мислиме дека ни згрешиле.

ЉУБОВТА Е ВРЗИВНО ТКИВО ВО НАШИТЕ ОДНОСИ СО БЛИЖНИТЕ. ПРАШАЊЕТО НА ДЕНЕШНОТО ЕВАНГЕЛСКО ЧЕТИВО Е: ДАЛИ ПРАВИЛНО ЉУБИМЕ? ДАЛИ НАШАТА ЉУБОВ Е ЉУБОВТА ШТО БОГ ЈА БАРА ОД НАС, ЧИСТА И БЕЗУСЛОВНА? ДАЛИ НАШАТА ЉУБОВ Е РАЗЛИЧНА ОД СВЕТОВНАТА?

Преку денешното свето Евангелие, нашиот Господ и Спасител Исус Христос ни го објави учењето и ни го покажа Патот на животот што треба да го следиме. Онака како што сакаме другите нам да ни прават добро, така и ние мора ним да им правиме добро. Како Христови ученици, мора да Го подражаваме Бога во Неговата љубов. Само тогаш, кога нашата љубов ќе ги надмине границите на нашата природна човечка љубов, ќе можеме да станеме учесници во Божјата љубов што не познава граници, предуслови и интереси. И тогаш, само тогаш, ќе бидеме деца на Бога, Чија благодат се молам обилно да се излее врз сите вас. Амин.

ДУХОВНОСТ

# ПРАВОСЛАВНА ДУХОВНОСТ: СЕКОЈДНЕВНА ДУХОВНОСТ



Презвитер Алексеј Јанг

Еден од најголемите мисионери на денешницата бил св. Инокентиј Аљаски. Неговите мисионерски години се навистина инспиративни. Во дневникот што грижливо го водел можеме да прочитаме за натприродните искуства што ги доживеал, но поважно од тоа е неговото мисионерско срце: секоја година минувал по осум илјади километри и го проповедал Евангелието на другите народи, ги обучувал на најразлични вештини, како изработка на оргули кои би можеле да им ги продадат на францисканските мисионери, а создал и азбука за аљаските Тлингити.

Неговата книга „Патоказ на патот кон Царството Небесно“ е водич низ основите на христијанството, напишана за домородните племиња. Ако ја прочитаме, ќе се почувствуваме како да е напишана за нас, и покрај тоа што ние ѝ припаѓаме на една друга, „развиена“ цивилизација. Она што во книгата за домородците е напишано како основа, поради нашата лоша духовна клима за нас претставува напредно познание.

---

*Транскрипт од третиот дел од циклусот предавања на тема „Православна духовност“. Првиот и вториот дел може да се прочитаат во претходните броеви на „Тавор“.*

Во неа, св. Инокентиј пишува за три нешта што ни се потребни за да бидеме Христови следбеници:

1) **Да се откажеме од себеси:** мора да ги искорениме лошите навики што нè оддалечуваат од Бога и да ги срушиме гревовите и страстите што нè одделуваат од Него. Особено не смееме да ги негираме своите гревови и страсти. Честопати имаме една доминантна страст што најпрво треба да ја откриеме, па после да ја искорениме и да ја замениме со добродетел.

2) **Да го носиме својот крст:** мора да ги прифатиме страданијата, тагите и маките што нè снаоѓаат. Тие се надворешните крстови што нè напаѓаат однадвор, и врз кои немаме никаква контрола, како неочекувани незгоди, потешкотии на работното место итн. Но, овие надворешни крстови не се доволни сами по себе; не, треба да имаме и внатрешни крстови - такви што ќе ги носиме согласно Господовите зборови. Ако со својот духовник ја испитаме својата совест, ќе откриеме илјадници внатрешни крстови преку кои нашата душа се исцелува. Доколку во секое страдање сме Му послушни на Бога, и утеха бараме само од Него, Тој нема да нè напушти и да не нè утеши.

3) **Да Го следиме Господа:** во сите нешта треба да Му следуваме на Христса. Деведесет проценти од Неговите зборови се совети за тоа како да живееме, а останатите се однесуваат за учењето, Таинствата, животот по смртта и слично.

Духовната природа на човекот по падот е поделена. Пониskиот дел од оваа природа може да се нарече „душа“ (или *йсиха*), и во неа се вселени страстите, воображенијата и емоциите кои нема да ја преживеат смртта на телото. Страстите градат ѕид што нè одделува од Бога, и повеќето од нас животот го минуваме таму, хранејќи ги и негувајќи ги страстите.

Вишиот дел од нашата духовна природа го нарекуваме „дух“ (или *нус, ум, срце, внатрешна одаја*). Кога Христос вели да влеземе во нашата тајна одаја и да ја затвориме портата, Тој ни вели да влеземе во своето срце, да ги затвориме вратите и таму да заедничариме со Бога. Најчесто во нашата скриена одаја поминуваме најмалку време, ако воопшто поминуваме, зашто патот што води до неа е поплочен со покајание. Мора да ги скршиме страстите и да го отвориме срцето за Бога. Штом ќе ги смириме страстите, настапува една состојба на духовен мир. Има едно чувство на спокојство што ги следи светителите,



*Ковчег со иконата и моштите на св. Инокентиј Аљаски*

што нам ни е познато под терминот исихија (тихување), до кое се доаѓа преку повторување на Исусовата молитва.

Духот или умот е натприродниот разум што го имаат светителите. Само светителите се вистински разумни, а до таа разумност стигаат преку очистувањето од страстите, според св. Григориј Синаит. Св. Инокентиј ни вели дека за да ги скршиме ѕидините на страстите ние мора силно и посветено да делуваме (*праксис*), толку прилежно што ќе почувствуваме и мала нелагодност, што пак претставува наше доброволно страдање, – наше мачеништво – наш крст. Понатаму, св. Григориј вели дека ниту еден труд, без разлика дали е духовен или телесен, не дава плод доколку не ни предизвикува болка. Царството насила се граба, доколку оваа присила се проткајува во сите наши дела.

За да продолжи, на духовниот раст му е потребно трезвеноумие, односно внатрешна внимателност преку која пороците ќе се заменат со добродетели. Мора да бидеме свесни што се случува во нас. Повеќето од нас се во состојба на внатрешен сон. Сметаме дека сме свесни, но отците ни велат дека сме заспани – несвесни и егоцентрични. Она што ни е потребно е непристрасна свест за она што се случува внатре во нас, за да можеме да ги сфатиме пораките на совеста.

Во нас има едно движење на вообразба, и тоа претставува една од главните пречки за молитва и корен на нашата паднатост. Духовноста мора да се заснова на еден реален однос со живиот Бог, а не со обични слики што нè водат во заедница со нашата лична способност за создавање на религиски сценарија. Дури и сатаната може да земе облик на светол ангел и да влезе во областа на нашата вообразба и страсти.

На молитвата ѝ е потребен непоматен ум, потполно потисната вообразба, ум ослободен од секакви слики, и добри, и лоши. Лицата на светителите од иконите пренесуваат една обестрастеност и исихија, односно една вистинска околина за смирување на нашите емоции и страсти, за затворање на умот во молитва. Демоните играат на картата на нашите воображенија на кои постојано нè поттикнуваат. Но, доколку сме трезвеноумни, ќе научиме да ги распознаваме ваквите демонски поттици и пред емотивно да ги прифатиме.

За ова имаме конкретни духовни и телесни вежби:



*Послушание. Монахињи од Серафимо-дивеевскиот манастир во Русија, почетокот на 20. век.*

1. **Покајание:** Метаноја - промена на умот или насоката - е длабоко каење за сопствените гревови кое создава една долготрајна промена во начинот на којшто мислиме, чувствуваме и се однесуваме. Покајанието е промена на сржта на нашето битие од материјалност кон духовност. Вистинското покајание води кон исповед.

2. **Восредоточеност:** поврзана е со трезвеноумието и внатрешната насоченост кон покајание. Господ ни укажал дека Царството не доаѓа преку набљудување, туку дека е внатре во нас. Односно, со Бога заедничариме во нашиот дух, ум, срце.

3. Во книгата „Училиште за молитва" митрополитот Антониј Блум пишува дека зборовите на **молитвата** се лакот, а стрелата е нашата одлучност и решителност да ја погодиме целта на Царството во нас. Во нас има нешто Божје, и треба да појдеме таму. Мора да го најдеме ова место. Како што се вели: ако во овој живот не Го најдеш Христа, нема да Го најдеш ни во следниот. Христос нè преколнува да не се грижиме за храна или облека, зашто овие грижи го расејуваат умот и ја уништуваат нашата восредоточеност. Попрво, мора да го бараме Царството Божје што е во нас.

4. Св. Петар Дамаскин нè поучува дека мора да мислиме на **името Божјо**, односно, на Христа, почесто отколку што дишиме. Восредоточувањето и молитвата се среќаваат и насочуваат на името Божјо. Тука ни помага и изобразувањето на крсниот знак и поклоните со што сите ствари ги проткајуваме со молитва. Навистина, здобивањето на спасението е многу едноставно.

Митрополитот Јеротеј Влахос пишува дека најважниот општествен чин во севкупната човечка историја бил постигнат од страна на Богородица. Иако немала особена служба (чин) во Црквата (Синагогата), таа потполно се предала себеси на тихувањето, и оттука ја нарекуваме Пресвета. Ова го постигнала и пред да стане Мајка Божја, и затоа станала причина за наголемата радост што светот некогаш ја познал – Воплотувањето Христово. Таа е нашит совршен образец на тихување, исихија, постигнато за време на нејзиното пребивање во Храмот.

За да се приближиме до Бога мора да го напуштиме сетилниот свет, или попрво, да се воздигнеме над него. Мајката Божја ги умртвила своите сетила, Му била совршено послушна на Христа, и ги познала Небесата уште додека била во тело. А ние најдостојно ја почитуваме подражавајќи го нејзиниот пример.

Во Библијата доста читаме за совеста, особено од посланијата на св. Павле, и затоа отците, говорејќи на оваа тема, често го цитираат. Авва Доротеј вели дека кога Бог го создал човекот, вложил во него нешто Божествено, топло и светло - една умна искра што го просветлува умот и го разликува доброто од злото - а тоа е нашата совест и природниот закон.

Совеста на Адам и Ева била помрачена од гревот, и затоа ни биле потребни Мојсеевиот Закон и пророците. Совеста може да биде чиста или извалкана. Чиста е кога го правиме она што треба да се направи, и ни носи природна радост.

Св. Павле, во посланието до Коринтјаните, ни вели: „сведоштво на нашата совест дека во простота и искреност пред Бога, а не со телесна мудрост, туку со Божја благодат живеевме на светот, особено, пак, меѓу вас" (2Кор 1,12). Односно, знак на чистата совест е радоста. Кога се однесуваме праведно, совеста ни е мирна, но кога грешиме, таа нè обвинува. Светител е човекот чија совест не го обвинува.

Затоа совеста напати се нарекува „обвинител". Господ вели дека човек треба да се измири со противникот [обви-

нителот] свој навреме, уште додека си е пат со него - додека си на овој свет - за да не го предаде на судијата (сп. Мт 5,25). Св. Јован Златоут ни кажува дека човекот со нечиста совест вкусил од пеколот, додека чистата совест на човека му носи надеж и радост. Св. Јован Кронштатски вели дека ако само еден ден поживееме во потполно послушание кон Заповедите, би имале предвкус на рајот – Царството Божјо што е внатре во нас.

Светот е немирен и се бори против молчанието, а нашите мозоци се испрани за да учествуваат во оваа борба. Наместо да влеземе во тајната одаја на нашите срца, светот нè охрабрува да ги заробиме сетилата во расеаност и врева, и да ги храниме со воображенија, емоции и страсти. Се плашиме да бидеме сами.

Митрополитот Антониј Блум нè советува пред воопшто да зачекориме во молитвениот живот, едноставно да седнеме на столче сретсоба и да немаме ништо на дофат на рака, да го исклучиме телевизорот, телефонот, и половина час да седиме така, без да се молиме. Според него, потребно е да станеме свесни за досадата што ја носиме во себеси, дека сме толку празни што не можеме ни триесет минути да бидеме сами со себе. И тогаш да се замислиме колку сме Му досадни на Бога! Почеток на молитвата е спознанието на оваа празност, на фактот дека највишите делови од нашата духовна природа се празни, и дека сè што ни се случува се случува на душевно ниво - седиштето на страсти и воображенија.

Ѕидот на страстите меѓу нас и Бога е местото каде што се случува нашето размислување, и каде што одлучуваме дали ќе си ги задоволиме страстите или не. Можеме да го срушиме овој ѕид и да си ја зацврстиме волјата да Му служиме на Бога.

**–Прашање: Каква била човековата духовна природа во рајската градина?**
Одговор: Состојбата на оваа природа пред падот ни се открива преку светителите. Тие ни покажуваат дека духот и душата не треба да се одделат, туку да се обединат. Емоциите и страстите се смирени, или се воздигнати на повисоко ниво, за да Му служат на Бога. Ова е процес на исцеление. Но, светителите се на уште повисок степен од Адам и Ева, зашто тие живеат после Воплотувањето Христово.

**–Прашање: Како да знаеме дали Бог ни открива нешто?**
Одговор: Од повеќето од нас се очекува едноставно да го живееме животот на Црквата. Ретко се случува да ни се даде нешто повеќе од ова. Она што Црквата ни го дава, во најголем број случаи, е доволно тешко само по себе. Ако мислиш дека Бог ти испратил некакво откровение, треба да го игнорираш. Ако е од Бога, нема да ја изгубиш својата душа со тоа што ќе го игнорираш, но – ако е од сатаната, и ако го прифатиш, може да си ја изгубиш душата. Мора да живееме свет живот за да добиеме лични откровенија, зашто Бог не ги гради Своите живеалишта во нечисти садови.

**–Прашање: Како да знаеме дали имаме вистинско покајание?**
Одговор: Плодови на вистинското покајание се: радост и презирање на гревот.

БРАК



*Венчание, Корташов Андреј*

# БУКВАР НА СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ
# ПРВАТА ГОДИНА ОД БРАКОТ

Протопрезвитер Павел Гумеров

Што може да ни помогне во надминувањето на потешкотиите во првата година од бракот? На што треба да се навикнеме? Вреди ли да се плашиме од брачните конфликти? Каков однос треба да изградиме со родителите? И зошто треба да се интересираме за психологијата? Отец Павле Гумеров разговара за сето ова во третото продолжение од нашиот разговор.

*Транскрипт од третиот дел од циклусот предавања на тема „Буквар на семејниот живот“. Првите два дела може да се прочитаат во претходните броеви на „Тавор“.*

Здраво, драги пријатели! Го продолжуваме разговорот за семејството и семејните односи. Тема на денешната средба е првата година од брачниот живот.

Првата година е навистина многу важна во животот на едно семејство, а воедно и најтешка. Неа ја следи поразителна статистика. Ако анализираме бројка од сто разводи, ќе видиме дека една четвртина од нив се случени во првата година од бракот. Луѓето не можат да ја дочекаат ни втората година од брачниот живот заедно! Зошто се случува ова? Едноставно, не можат да ги издржат потешкотиите што ги носи првата година.

## *Треба ли да се плашиме од потешкотиите?*

Првата година е време на прилагодување еден на друг. Ова било познато дури и пред три илјади години. Во Стариот Завет можеме да прочитаме дека момчето што стапило во брак, во првата година било ослободено од секаква државна и општествена работа и одговорност, и не служело војска, со цел да го среди семејниот живот и да изгради семејно гнездо.

Овој период е многу важен. Тој и таа се привикнуваат еден на друг. Тој и таа се обединуваат во заедничко градење на нивното гнездо. Вљубеноста им помага. Знаеме дека вљубеноста нема да трае засекогаш. Напротив, чувството на вљубеност трае неколку месеци, па и една година. Како по правило, тоа исчезнува во бракот. И затоа е потребен сериозен взаемен труд, длабока сериозност во создавањето на еден поинаков однос - односот на брачната љубов.

Како и претходно, и сега ги забележав најчестите прашања што се поставуваат на оваа тема - прашања што оние коишто планираат да се венчаат треба да ги знаат за првите неколку месеци и години од брачниот живот, и како да се подготват за нив. Велат дека човекот што е предупреден е исто како да е вооружан.

Преподобниот Јован Лествичник пишува дека човек со тежок, борбен карактер може да се спореди со камен што се судира со друг камен, и при овој судир, можно е да се случат две сценарија: првото, камењата да се избрусат, да се измазнат, да станат малечки мазни камчиња, и второто - овие камења да се искршат на парчиња. Но, светителот ни порачува дека дури и да се искршат, човек може да ја увиди својата слабост, да сфати дека има тежок карактер и дека мора да работи на него. Дури и при вакви неуспеси секој од нас може да се спознае себеси, да увиди дел од своите грешки.

Значи, првата година. Да, ова е тешко време за младите сопружници, но истовремено е и лесно, затоа што и двајцата гледаат дека проблемите мора да ги решаваат заедно, а тоа ги обединува, им помага да станат една целина. Но, какви се овие проблеми? Односот со семејствата од кои доаѓаат, купувањето или земањето под наем на стан или куќа. Дополнително, по десетина месеци, или подоцна, тука е и раѓањето на првото дете кое уште повеќе ги поврзува младите сопружници, и ги „принудува“ заедно да се грижат за овој нов, трет член на нивното семејство. Заедничкиот „проект“ многу цврсто ги обединува родителите. На сите овие проблеми подоцна, речиси секогаш, луѓето се сеќаваат со носталгија. На крајот на краиштата, ова се најубавите години од семејниот живот. Затоа, потешкотиите не треба да нè плашат.

Општо земено, луѓето што се венчаваат не треба да се плашат. Не е добро човек да биде сам. А ако ги исполнува Божјите заповеди и кон овие задачи пристапува одговорно, Господ ќе му помогне.



Крунисување на св. цар Николај Романов

## Брачна рутина

Луѓето честопати велат дека „бродот на семејниот живот“ речиси секогаш се судира со животот, и прашуваат што треба да се направи за да се запази новоста, свежината и искреноста во односот?

Во претходните разговори говоревме за тоа колку е важен квалитетот на нашата врска пред стапувањето во брак, кога треба да научиме срамежливо и внимателно да се однесуваме и грижиме еден за друг. Многу е важно да научиме повеќе да даваме, отколку да земаме. Се сеќавам на дневникот на царицата Александра Теодоровна и нејзините писма испратени до царот додека тој војувал во Првата светска војна. Царицата и тоа како била загрижена за него, и колку само нежни писма му испраќала! На секој оној што се подготвува да стапи во брак му препорачувам прво да ги прочита овие писма. Царската двојка во тоа време имала изродено пет деца, и двајцата биле далеку од млади, а сепак еден кон друг се однесувале како штотуку треба да се венчаат, или како да се штотуку венчани, на меден месец! Колку само нежни зборови си пишуваат, со какви галовни имиња се нарекуваат, колку се само загрижени еден за друг... Сите овие нешта се многу важни. Во нејзините дневници, царицата Александра пишува дека семејната среќа извира од малите епизоди за кои мислиме дека лесно се заборавaат, и кои – можеби – не ни значат ништо: подадената шолја чај, комплиментите што несвесно си ги даваме. Само така луѓето се привикнуваат на добрини, на добрини што секојдневно им се случуваат.

Треба да се трудиме да им угодиме на нашите брачни партнери макар со мали нешта. И ова треба да ни стане навика со која ќе ги искорениме навиките на подбивање со (и зајадливост кон) нашите сопруги и сопрузи.

Според мене, покрај утринските молитви, секој човек треба да Му се помоли на Бога и со оваа молитва: „Господи, помогни ми денес да се однесувам така што ќе му донесам што е можно повеќе радост на моето семејство и моите ближни,

а што е можно помалку тага.“ Мора да ги избегнеме лошите совети, да избегуваме да се препираме, и да не попуваме и морализираме едни пред други. Всушност, ова е многу лесно. Не е потребна некоја голема жртва, не мора да потрошите многу време или пари. Зарем е тешко на својата сопруга еднаш неделно да ѝ се подари нешто слатко или букет цвеќе?

Што се однесува до жените, особено до оние што не се вработени: кога вашиот сопруг доаѓа од работа, не мора уште од врата да почнете да го напаѓате со семејните проблеми. „Треба да одиш на училиште, детето повторно добило единица“ или „ми се расипа компјутерот, оди и веднаш поправи ми го“, и така натаму. Дозволете најпрво сопругот да се одмори и да си ја поврати силата. Разменете си неколку добри зборови, јадете, напијте се чај или кафе, па дури потоа поразговарајте за посериозните прашања и теми. На сличен начин, и децата треба да се воспитаат да се однесуваат кон таткото со почит.

Луѓето ме прашуваат и за домашните обврски. Денес е вообичаено и двајцата сопружници да работаат, но, штом се вратат од работа, сопругот сака да одмара, а од сопругата се очекува да готви, да пере и чисти, итн. Значи, како да се поделат домашните обврски?

Да, точно е дека, статистички гледано, класичниот модел на брак е поставилен: жената се грижи за домот, децата и мажот, го негува домашното гнездо, односно обавува т.н. „женски обврски“, а мажот е глава на семејството, тој носи леб дома, тој е ловецот. Но ваквиот класичен модел ретко кога може да се примени денес. Не е лесно да се прехрани едно семејство со само една плата. И така, ако и двајцата работаат, како што денес најчесто се случува, редно е и домашните обврски да се распределат подеднакво, но со договор. Точно, мажот е изморен од работа. Но, и жената е изморена, ако не и поизморена од него – затоа што нејзе ѝ се товарат и децата, и домашните задачи, и перењето, готвењето, пеглањето – сите тие „женски“ работи. Мислам дека авторитетот на главата на семејството нема да се сруши ако ѝ помогне на својата сопруга во миењето садови, готвењето вечера или расчистувањето на станот. На тој начин тој ќе ја покаже неговата љубов кон неа.

Љубовта не се состои во преголеми жртви, туку во малите, едноставни и секојдневни дела. Жртвување на слободното време. На пример, доаѓате од работа изморени, но гледате дека сопругата е уште поизморена, и затоа ќе ѝ помогнете и ќе ја поставите масата, ќе ѝ помогнете во раскревањето, ќе ги седнете децата на маса. Сето ова е мошне важно. И околу сето ова не мора да постои официјален договор или поделба на обврски, туку е потребно само да ѝ пружите помош.



*Свадбата во Кана Галилејска, фреска детаљ: невеста*

### *Што мажите треба да знаат за жените, а што жените за мажите?*

Потребно е да се познаваат спецификите на машките и женските потреби, за нештата да не тргнат во неповрат.

Сопрузите и сопругите, мажите и жените се битија создадени од Бога со многу различни психологии, а не само со различни физиологии. И ова не е случајно. Сè што Господ прави, го прави за наше спасение. Оттука, во бракот на секого од нас му е дадена прилика да му служи на другиот. Мажот е суштество со поголема физичка сила и издржливост. И затоа тој треба да има потреба и желба да ѝ помогне на својата жена, да ги превземе тешките работи, но и да ѝ помогне кога таа ќе има потреба од тоа. Жената, како суштество, е понаклонета кон емпатија, сочувство и сострадание, и затоа треба да сака да го теши и негува својот сопруг, да направи, додека е со неа, тој да се одмори.

Господ нè создал различни - и тоа е даденост, факт. Колку и да се стремиме кон еднаквост и рамноправност, ништо нема да се случи. Секогаш ќе има машки и женски професии, а мажите и жените ќе се пензионираат на различни возрасти. При спортски натпревари, мажите се натпреваруваат со мажи, а жените со жени. Различно сме градени, и околу тоа не може да се направи ништо.

Сега би сакал да се фокусираме на еден важен момент: справување со стресот. Мажот и жената различно реагираат и се справуваат со стресот, и идните сопружници треба да се свесни за ова. Жените најчесто се справуваат со стресот преку комуникација. Тие дури и лачат еден посебен „комуникациски хормон" наречен окситоцин. Кога мажот ќе ѝ упати убави зборови на својата жена, кога ја гали, нејзиното тело ги произведува овие хормони и се бори со стресот. И, кога тој се враќа од работа дома, таа сака да поразговара со него. За жените, општо земено, е многу важно да си го изразат своето мислење. Општо познат факт е дека женските деца прозборуваат многу порано од машките.

Мажот, пак, се справува со стресот многу поразлично. Нему му е потребно да помине време насамо. Кај мажот, времето на активност и неактивност се менува наизменично. Дури и да седи на работа, пред компјутер, или да пишува нешто без никаков физички напор, не поставува столбови и не копа земја, сепак за него ова е период на активност, и потоа мора да следи период на неактивност. И затоа на мажите им е многу потребно да одморат откако ќе се вратат од работа, да бидат сами и несметани. Ова треба да го знаат нивните сопруги. Како што и претходно реков, не започнувајте да го гаѓате со проблеми веднаш штом си дојде дома од работа. Оставете го на еден саат насамо, нека се одмори, и погрижете се и децата да не му сметаат. Ова, пак, не значи дека мажот треба да се повлече и да одмара со часови, туку да се одмори, и

> СПОРЕД МЕНЕ, ПОКРАЈ УТРИНСКИТЕ МОЛИТВИ, СЕКОЈ ЧОВЕК ТРЕБА ДА МУ СЕ ПОМОЛИ НА БОГА И СО ОВАА МОЛИТВА: „ГОСПОДИ, ПОМОГНИ МИ ДЕНЕС ДА СЕ ОДНЕСУВАМ ТАКА ШТО ЌЕ МУ ДОНЕСАМ ШТО Е МОЖНО ПОВЕЌЕ РАДОСТ НА МОЕТО СЕМЕЈСТВО И МОИТЕ БЛИЖНИ, А ШТО Е МОЖНО ПОМАЛКУ ТАГА."

веднаш да се врати и времето да го помине со своето семејство, и да ја задоволи потребата за комуникација што ја има неговата сопруга. Но, зошто ваквиот мир му е потребен на мажот? Повторно, одговорот е поврзан со хормоните.

## Можно ли е да се избегнат караниците?

Потребно е да разликуваме два концепта: караници и конфликти. Конфликтите во семејниот живот се неизбежни - ниту едно семејство не успеало да избегне конфликти. Зошто? Па, зборот конфликт е англиски збор и значи „судир"; мажот и жената, како различни суштества, како луѓе што произлегле од различни семејства, со различни интереси, не може а да не се судрат. Има една руска поговорка: „тенџере се удира од тенџере". Уште повеќе човек со човека! Секој од нас има свој карактер и интереси, секој расудува тргнувајќи од својата кожа, и на проблемите гледа од свој агол. Најважно е конфликтот да не прејде во караница. Семејните конфликти ќе ги разгледаме во друга прилика, но овде накратко ќе го кажам главното: најважно е да не им се дозволи на гневот и разјареноста да завладеат во разговорите за нашите проблеми, судири и спротивставени интереси туку, напротив, сето ова да се разгледа смирено. Не губете го мирот, зашто мирот е најважната работа. Ако немате душевен мир, ако немате мир во вашите семејства, тогаш и да имате овоземни благодети, нема да ви биде добро и нема да бидете среќни. Среќата е внатре во нас – таа е мирот во нашите души и мирот со нашите љубени. Токму во ова се состои семејната хармонија и човечката среќа.

## Односи со родителите

Што може да биде камен на сопнување во вашите односи со родителит? Треба ли да им се дозволи на родителите да се мешаат во животот на младата двојка – финансиски или преку совети?

Во чинот на венчавање се вели: „родителските молитви ја утврдуваат основата на домот". Значи, не нивното мешање, не наметнатата помош, не мечешките услуги кои некогаш ни ги нудат родителите, туку нивните молитви. Уште повеќе, во Светото Писмо се вели: „ќе ги остави човек татко му и мајка му и ќе се прилепи кон жена му; и двајцата ќе бидат едно тело" (1Мој 2,24). На оваа заповед мора да се сеќаваме и како сопружници, но и како родители.

Родителите не треба да се мешаат во животите на сопружниците. Сме ги изгледале своите деца, сме ги пораснале, сме вложиле во нив сѐ што сме можеле да вложиме: и разумно, и добро, и вечно и духовно, и сега треба да само да се молиме за нив. Ние може да им помагаме на нашите деца, но не да им се мешаме, зашто тоа, најчесто, завршува лошо. Но, и сопружниците треба да си спомнат за оваа заповед, зашто многумина од нив како да не можат да се извлечат од нивните родители.

Еднаш в црква дојде еден маж и ми рече дека има големи искушенија во неговото семејство. Имено, од неговото прво граѓанско партнерство (не брак, туку партнерство) имал дете, и смета дека има должности и обврски кон своето дете и поранешната партнерка, но и друго - неговата мајка била болна и ѝ требало помош. Сето ова не ѝ се допаѓало на неговата сопруга. Не ѝ се допаѓало тоа што постојано ги посетувал и мајка му и поранешната партнерка, и долго време поминувал со детето. Му реков дека таа има секакво право да се лути, затоа што поставеноста на приоритетите во семејството е следна:



*Праведни богоотци Јоаким и Ана, икона*

на прво место е сопругот или сопругата, затоа што со нив сме едно тело - и ова е прв степен на врска. По нив следат децата, па родителите. Секако, имаме обврски кон родителите, но не треба нив да си поставиме на превисоко место и да ги сметаме за поблиски од нашите најблиски, односно, од жената за мажот и од мажот за жената. Кога оваа хиерархија е нарушена, нашите половини неизбежно страдаат. Можеби на мама ѝ се допаѓа тоа што синчето ја посетува често, но сопругата, по правило, не се радува кога мажот ѝ испарува и оди кај своите родители. Да не зборувам за тоа дека честопати родителите манипулираат со нивните возрасни деца, глумат дека се болни или дека имаат некаква потреба, за децата да остават сè и да потрчаат кон нив... Ваквите проблеми се решаваат многу тешко.

Во една друга прилика кај мене дојде еден брачен пар, и сакаа да поразговараат за нивните околности. Мајката на сопругата била сериозно болна, но поради некои причини двојката не била во можност да ја земе за да живее со нив; можеби сопругот не сакал да живее со неговата тешта. И затоа, најдоа и платија добра медицинска сестра да се грижи за неа. Редовно ја посетуваа мајка ѝ, редовно ѝ носеа свештеник за да ја исповеда и причести. Гледате, тие се решија за таков компромис: мирот во семејството беше сочуван, иако, за да ја плаќаат сестрата, мораа да најдат дополнителна работа.

Ваквите прашања, поврзани со конфликти на интерес, треба секогаш да се решаваат мирно и со љубов. И главниот, конечниот збор треба секогаш да го има нашиот сопружник, а не нашиот родител, затоа што, за жал, нашите родители нè сакаат со слепа родителска љубов.

## За психологијата, повторно

Пријатели, нужно е да ја изучувате семејната психологија. Можам и да ви препорачам неколку книги од оваа област: „Малата Црква“ и „Клуч за семејната среќа“, и ве молам, не мислете дека ова е некаква реклама за моите книги. Имам уште една книга, „Тој и таа“, во која се зборува за тоа зошто Господ нè создал различни, за тоа кои се разликите во машката и женската психологија, и за тоа како да се постигне семејното и брачно единство. Сакам повторно да нагласам: Господ нè создал различни токму поради брачното единство. Како што рекол Иван Александрович Илин, доколку во човека има жива љубов и жива совест, тогаш и нашите разлики нè водат кон единство и пројавување на нашите најдобри душевни особини.

Да им помогнеме на другите. Да се бориме со нашите слабости. Да се навикнеме на нашите половини. Да бараме знаење како да го направиме тоа. Сите сме различни. Знаеме дека Господ нè создал машко и женско. Некои разликуваат и трета ипостас, детска, затоа што децата имаат своја психологија, за којашто исто така треба да читаме. Сепак, детето на поинаков начин ги сфаќа нештата што за возрасните се очигледни токму поради тоа што се возрасни.

Ви посакувам мир, добрини и љубов. Господ нека ве чува.

Разговори

# ДАЛИ СЕ ГРИЖИШ ЗА ТВОИТЕ ДЕЦА?

Атанасиј, Митрополит Лимасолски



Според зборовите на старец Паисиј, ние не треба болно, туку благо да се грижиме. Треба да се има блага загриженост за нашите деца кои, се разбира, се најдоброто и најскапоценото нешто што го имаме на светот.

Одговорот на прашањето од насловот, се разбира, е едноставен. Не може да има родители кои не би се грижеле за своите деца, не може да има човек кој не би се грижел за своите мали деца: за тоа како ќе пораснат, како ќе се реализираат како личности, што ќе сретнат по својот животен пат, кога гледаме дека случувањата во светот се развиваат со таква брзина, што ние веќе буквално не знаеме што ќе видиме утре. Макар што, се разбира, сето тоа е Божји благослов, ако правилно се искористи.

На ова сериозно прашање човекот одговара од своето лично искуство. Секој создава свое семејство, свои лични односи со децата, со сопругот, со самиот себе, со оние кои го опкружуваат, со Бога, и целата таа хармонија во односите не е ништо друго туку одраз на внатрешната состојба на човекот. Она што е во нас се одразува во нашите зборови, дела, поведение и во нашиот однос со околината.

Црквата притоа дава свој одговор на ова сериозно прашање за благата загриженост што сите ние ја чувствуваме. Правиме ли сè што е во наша моќ за нашите деца? Им го даваме ли она што децата навистина го сакаат, особено кога настапува периодот на пубертет и кога поминуваме низ тешки моменти, затоа што половото созревање е многу убава возраст, но притоа и многу критична за родителите и за децата истовремено. Честопати децата во тој период се соочуваат со силни внатрешни конфликти, а понекогаш и разочарувања, маки и потешкотии.

Што може Црквата да каже за нашата одговорност пред децата? Мислам дека нејзината проповед е особено важна и значајна затоа што како пример на воспитување ни Го дава Самиот Бог – нашиот Отец. За нас Он е нашиот првообраз затоа што ние сме создадени според Неговиот образ и подобие и повикани сме кон нашите деца да се однесуваме исто како што Бог се однесува со нас, Неговите деца. Ако сакаме да бидеме добри родители, тогаш не можеме да направиме ништо подобро од тоа да погледнеме како Бог се однесува кон нас, да ја истражиме таа татковска врска на Бога со човекот, да го истражиме татковскиот однос на Бога кон Неговото чедо – човекот.

Врската на Бога со човекот – тоа е врска на љубов. Бог е љубов, вели светиот евангелист Јован (1Јн 4, 8-16). Бог се однесува кон човекот со голема љубов чие најважно обележје е некористољубивоста. Бог има некористољубива љубов кон човекот. Он не го љуби човекот егоистично, користољубиво, не бара ништо за возврат од човекот, не го љуби за тој да може да Му послужи, да Му одговара со благодарност, служење, славословие и признавање, туку го љуби апсолутно некористољубиво. Он од нас не бара апсолутно ништо.

Кога ние Го љубиме Бога тогаш тоа не го правиме затоа што Бог има потреба од нас, туку затоа што ние имаме потреба од тоа да Го љубиме. Бог нема што да си додаде на Себеси, да земе од нашата љубов. Ние, меѓутоа, имаме што да додадеме на себе кога реално Го љубиме Бога.

Бог го љуби човекот некористољубиво, и тоа е огромна поука за нас затоа што нашата љубов кон било кој човек, особено кон децата, треба да биде некористољубива.

Некој ќе рече: „А што, зарем ние користољубиво си ги љубиме своите деца? Сакаме ли да ни возвратат за сето она што ние го правиме за нив?“

Се разбира дека не. Но, користољубивоста и егоистичноста се состои во тоа што ние чекаме награда од нашите деца, но и во тоа што го бараме своето, што по секоја цена им го наметнуваме она што го сметаме за правилно и добро.

Бог ја цени нашата слобода. Он го создал човекот совршено слободен и го оставил на неговата слободна волја. Бог владее со целото создание, присутен е во нашиот живот и Он е моќен целиот свет да го држи во раце, а притоа, и покрај тоа, ние сме совршено слободни. Во нашиот живот Бог е присутен со Своето отсуство. Бог како да отсуствува, како да не се вмешува, не Го гледаме затоа што со тоа Свое отсуство Он ни ја покажува реалноста на Своето присуство: дека Он е присутен на начин што целосно ја почитува слободата на човекот.

Родителите треба да знаат дека првото и најважно нешто во однос на децата е тоа дека и покрај тоа што тие се наши деца кои сме ги родиле, тие се слободни луѓе, тие имаат слобода како личности за да можат слободно да одат по животниот пат и немаат обврска да прифатат надворешно мешање во нивната слобода.

Другата црта што го обележува односот на Бога кон нас – тоа е Неговата благородност. Он се однесува кон човекот со голема благородност и сè направил за него, а притоа целта не Му била да го пороби, туку да го трогне човекот. Бог го

создал целиот свет за да го трогне човекот, за да ни даде повод да Го љубиме. Размислете: Бог толку многу работи создал во светот со голема премудрост. Зошто Бог го создал тоа толку сложно и во исто време добро, богато и разнообразно? Зарем не можел да создаде поедноставни и не толку разнообразни нешта? Се разбира дека можел, но Он сè создал така за да нè трогне и да ни покаже колку силно нè љуби. Божјите дела самите говорат во срцето на човекот кој се трогнува од Божјата љубов гледајќи го богатството на љубовта на Отецот.

Ова е многу важно во нашиот однос со децата: колку што е можно повеќе да им зборуваме преку нашите дела и колку што е можно помалку со зборови, покажувајќи им ја нашата љубов пред сè на дело, а не со зборови, без никаква корист, без траги на нездраво мешање во нивниот живот.

Уште еден важен момент во односот меѓу Бога и човекот – е тоа што Бог не го отфрла човека, што и тој да направи. Бог секогаш нè прима и секогаш е покрај нас за да нè чуе, да ни даде сила, да нè исцели. Он никогаш не нè разочарува. И овде особено сакам да обрнам внимание затоа што ова е еден од најважните моменти во кои понекогаш се пројавува нашата обессиленост како родители.

Кај нас, како кон духовни отци и свештеници, доаѓаат многу млади луѓе кои имаат многу проблеми: душевни, психички, социјални, лични, емоционални, – тоа секој може да си го претпостави. И ние гледаме дека младите луѓе имаат потреба да позборуваат со некого за тоа што го чувствуваат, да го кажат својот проблем, болка, тешкотија, рана. И тие интуитивно чувствуваат каде можат да го кажат она што го кријат во себе. Ако младиот човек знае дека неговиот родител нема да го прими тоа што ќе му го каже, или категорично ќе се спротивстави, – тој нему нема ништо да му каже. Ќе ви посочам практичен пример.

Еден млад човек зема наркотици. Неговите родители треба први ова да го дознаат. Родителот е тој што треба да го поучи, кому му е дадено да го поучи, но во овој случај проблемот е во тоа што детето не може тоа да му го каже на родителот. Децата, се разбира, можат сè да кажат, тие немаат проблем со тоа да кажат сè и во било кое време. Прашањето се состои во тоа, дали родителот е спремен да го чуе тоа, или, ако детето му каже: „Тато, мамо, јас земам наркотици!“ – тогаш нема ли родителите да западнат во хистерија и нема ли да почне паника, и последното ќе биде полошо од првото? И наместо да се утеши детето, ние ќе мислиме како да ги утешиме мајката и таткото кои се опфатени од паника и кои се неспособни да слушаат и да мислат за тоа како можело тоа да се случи.

Знаете ли колку огромен проблем е тоа во односите помеѓу родителите и децата? Детето чувствува дека не може да поразговара со своите родители затоа што тие не можат да го издржат тоа што ќе им го каже: „Тогаш тие или ќе ме отфрлат или лошо ќе постапат со мене, или нема да издржат, ќе умрат од таквиот удар“.

Се разбира, не е лесно твоето дете да дојде и да ти каже дека се врзало со



*Св. старец Паисиј*

наркотици или направило нешто лошо. Човекот природно може да испаничи и да се вџаши. Но, колку и да се потресни тие настани, во таквите моменти родителот не смее да паничи, туку да се смири. Нашите деца треба да се чувствуваат исто како што ние се чувствуваме пред Бога, знаејќи дека „јас ќе појдам и ќе застанам пред Него и ќе Му го кажам својот проблем“.

Ја помните ли параболата за блудниот син кој си спомнал за татка си и си рекол: „Ќе станам, ќе појдам кај својот татко и ќе му речам: оче, згрешив пред небото и пред тебе. Но прими ме како еден од своите слуги“ (види: Лк 15, 18-19)? Тој не помислил: „Татко ми едноставно ќе ме избрка! Јас го растурив целиот негов имот, целото негово богатство, го навредив, самиот станав за жалење. Како ќе се вратам? Тој ќе се разгневи! Ќе ме избрка, отфрли, ќе ми каже вакви и вакви зборови!“ Ништо од тоа. Тој бил уверен дека неговиот татко е таму и дека го чека, дека нема да го отфрли, нема апсолутно ништо да му каже. Евангелието тоа и го потврдува: „И кога беше сè уште далеку, татко му го виде и се сожали“ (Лк 15, 20).

Татко му го видел оддалеку, и еден светител ни кажува прекрасна поука: „Како ли го видел од толку голема далечина? Може ли човекот да гледа толку далеку?“ И одговара: „Да, таткото и мајката можат да гледаат многу далеку, толку далеку што човек и не може да си го претпостави ова, затоа што за нивните очи нема препреки, тие гледаат многу далеку.“

Тој го видел својот син којшто се враќал дома и се фрлил кон него. Тој не останал да чека кога ќе дојде, не рекол: „Нека влезе во куќата! Нека побара од мене прошка!“ Не. „И како потрча, прегрна и го целива“ (Лк 15, 20). Тој го прегрнал своето дете, го целивал, го погалил, му дал од најдоброто што го имал и апсолутно ништо не му рекол. Тој го примил своето дете такво какво што било.

Затоа е многу важно нашите деца да бидат уверени дека можеат сè да ни кажат, и дека притоа ние нема да ги отфрлиме, нема да им нанесеме рани и да ги повредиме на било каков начин. Ова е многу важно во сите човечки односи.

Светиот Никодим Светогорец ги советува духовните отци и им дава прекрасни поуки за општењето со другиот човек: „Духовнику, кога човекот ќе дојде кај тебе за да ги открие тајните на своето срце, гледај да не направиш ни најмало движење или гримаса, па макар чул и најстрашни работи“. Претставете си дека вие одите на исповед, кажувате некој страшен грев, а духовникот ви дава некаков признак дека се гнаси од вас. Тоа ќе е крајот! Тој ја изгубил борбата за вашата душа.

Гревот и проблемите – тоа се болки, непријатни болки, но притоа другиот не смее да те удри, да те отфрли, да постапи со тебе како ладен и безличен судија, затоа што ти бараш утеха и разбирање. Зашто и најголемиот престапник на светот бара разбирање за својот престап. Да биде прифатен како што Бог го прифаќа човекот и никого не отфрла. Затоа што, што и да направи човекот, дури и најлошото, дури и милион пати во секундата, – Бог никогаш нема да го отфрли, Он секогаш останува покрај него.

Бог е секогаш покрај нас до последниот момент и тропа на портата од нашето срце, барајќи нè нас самите. „Јас не го сакам твоето, – речено е негде – туку тебе“. Истото го сака и родителот, тој исто така не сака нешто што му припаѓа на детето, туку него самото. Тој знае дека треба да одигра голема игра и да победи во неа, за да го освои своето дете.

Родителот треба да разбере дека треба да е спремен да чуе сè, што и да се случи, да ислуша тивко, спокојно, ладнокрвно, па и нека го боли. Тој треба во сè да го поддржи своето дете, што и да му излезе на патот. Мислам дека таквиот однос и увереност во срцата на нашите деца е најскапоценото нешто што можеме да им го дадеме: увереноста дека „јас никогаш нема да те отфрлам, што и да се случи!“.

ВЕРА

# ДАЛИ ВЕРУВАШ?

Амвросиј, Митрополит Лерински



*Поглед од пештерска црква во Монемвасија, Грција.*

*И во Единиот Господ, Исус Христос, Син Божји....*

Во првиот член од Симболот на верата се зборува за Бог Отецот. Сега ќе го разгледаме вториот член. Во него се вели: „И во Единиот Господ Исус Христос, Син Божји, Единороден, Кој е роден од Отецот пред сите векови. Светлина од Светлина, вистински Бог од вистинскиот Бог, роден, нестворен, едносуштен на Отецот, преку Кого сè станало“.

Првиот збор од овој член е „и“. Ова „и“ во Симболот не е напишано ненамерно - ниту еден од зборовите во Симболот не е запишан случајно. Секој збор има значење. По многу созерцување и преку вдахновение од Светиот Дух, отците од Првиот и Вториот вселенски собор го напишале Симболот и секој збор го ставиле на правото место.

Значи, зборот „и“ има свое значење. Го поврзува вториот со првиот член. Отецот и Синот ги поставува на исто ниво, на исто рамниште. Бог е Отецот, Бог е и Синот, Христос, исто така. Ова „и“ значи дека веруваме во Бога Отецот и веруваме во Неговиот Син, нашиот Господ Исус Христос.

Отците, заедно со сите маченици и исповедници, верувале во Христа. Верувале во тоа што Симболот на верата го објавува за Него. Од друга страна, луѓето од 20. век, па дури и оние што себеси се нарекуваат христијани, дали и тие навистина веруваат во Христа?

Ако денес ги прашате сиромашките, ќе видите дека само малку од нив навистина веруваат во Христа и се трудат да живеат согласно Неговата света волја. Останатите? Ако пошле на факултет и се сметаат себеси за учени или научници, некои од нив велат дека Христос бил мудрец, најмудар од сите; други велат дека Тој бил пријател на сиромашните, трети, дека Тој бил голем говорник и социјалист; некои, пак, дека Тој бил голем револуционер кој дошол да изврши преврат во естаблишментот. Никој од нив, меѓутоа, и покрај сета слава што Му ја воздава, не го прифаќа исповедањето на Црквата. Не Го признава за Бог.

Други, пак, од нашата епоха, одат и понатаму, во неверие и атеизам, и мислат дека нема Бог, велат и пишуваат дека Христос, освен во фантазијата на луѓето, никогаш и не постоел. Колку само страшно е нивното неверие! Ако човек започне својата вера да ја доведува во прашање, без да забележи, ќе падне во сè поголеми и поголеми сомнежи, и ќе заврши како неверник. Таквиот човек е како карпа – штом еднаш започне да се тркала по ридот, нема да престане сè додека не го допре надолното дно што може да го најде.

Неверниците повикуваат: „Нема Бог!“ Но, колку и да викаат, никогаш нема да успеат да ја изгаснат верата во Христа. Оваа вера има длабоки корени во човечкото срце, и никаква сатанска сила не може да ја искорне. „Верувам во Единиот Господ, Исус Христос, Син Божји, Единороден...“ ќе продолжи смело да се исповеда од секоја чиста и смирена душа.

Еден стар човек од околните села дојде еднаш во Лерин и влезе во зградата на нашата митрополија. Со него беше неговата внука, второодделенка, која сакаше да го изрецитира Симболот на верата пред Епископот. И така, таа го кажа Симболот на глас, без грешка. Ја прашав дали верува во Христос, а таа, откако се прекрсти, ми одговори: „Верувам во Христа и Го љубам.“ Се зарадував и Му воздадов слава на Бога дека сè уште постојат чисти, детски души.

Неверниците продолжуваат да врескаат и да велат дека Христос никогаш не постоел. Но, дека Христос постоел, дека бил роден во Витлеем за време на владеењето на Август, дека живеел и работел во Палестина, дека бил распнат од Понтиј Пилат, сите овие настани се реални, а не измислени. Христос бил историска личност. Историчарите од првиот век го сведочат тоа: Јосиф, Тацит, Светониј и Плиниј. И макар што инфраструктурата била примитивна, иако потекнувал од понизена земја, Неговата слава на извонреден учител, пророк и чудотворец се раширила надвор од границите на родниот Израел и стасала до Рим.

ПРОУЧУВАЈЌИ ГИ СВЕТИТЕ ЕВАНГЕЛИЈА, НАШИТЕ СРЦА ЌЕ СЕ ИСПОЛНАТ СО ВОСХИТ ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ ЛИК ХРИСТОВ. ПРАШАЊАТА И СОМНЕЖОТ ТОГАШ ЌЕ СЕ ПРЕОБРАЗАТ ВО ВОСКЛИЦИ НА ВЕРА

Надворешни авторитети говорат за Христовото постоење. За Неговиот живот и дело. Овие луѓе немале никаква врска со Него, но ги запишале настаните објективно. Сигурно е дека Христос бил роден и живеел во Палестина. Ова се знае со сигурност, како што се знае дека Александар Македонски бил роден во Македонија, таму живеел и делувал. Им веруваме на неколкуте историчари што го посведочиле историското постоење на Александар, и никој не се сомнева во ова. На ист начин, значи, треба да веруваме дека Исус Христос постоел во историјата. Луѓето треба уште повеќе да им веруваат на доверливите луѓе што за Христа пишувале на вистинит и себеодрекувачки начин – четворицата евангелисти.

Четворицата евангелисти сведочат за Христа. Иако меѓу нив има мали разлики во врска со некои прашања, овие разлики ни покажуваат дека и четворицата работеле одделно, без да се консултираат еден со друг. Слично е како кога се опишува еден настан – меѓу сведоштвата има сличности; но, некој од нас обраќа внимание на одреден детаљ што другите го превидуваат.

Постоењето на Христос е посведочено од автори - странци, потоа од четворицата евангелисти, апостолот Павле и другите апостоли. Посведочено е од безбројните маченици и исповедници, кои крвта своја ја пролеале за верата во Христа. Посведочено е од Бога, Отецот Небесен, преку мирјадите чуда што се случиле во минатото и што во Негово свето име ќе продолжат да се случуваат засекогаш.

Драги пријатели, да избришеме од нашите срца секакво прашање што сатаната го внушува во врска со постоењето и животот на Христа. Проучувајќи ги светите Евангелија, нашите срца ќе се исполнат со восхит за единствениот лик Христов. Прашањата и сомнежот тогаш ќе се преобразат во восклици на вера, и сите заедно, со детски гласови ќе речеме: „Верувам во Единиот Господ, Исус Христос, Син Божји, Единороден, Кој е роден од Отецот пред сите векови..."



*Мозаик од црквата на Успението на Пресвета Богородица во Ерусалим*

СТАРЕЧНИК

# ЗОШТО ГОСПОД ПОНЕКОГАШ НЕ НИ ГИ УСЛИШУВА МОЛИТВИТЕ?

Св. старец Порфириј Кавсокаливит



Спомен-соба на св. старец Порфириј во црквата на св. Герасим Јордански на Омонија, Атина

Кога Господ не ни го дава тоа што упорно го бараме од Него, ова може да значи две нешта. Или Тој не сака да ни даде нешто што нема да донесе никакво добро, или пак, не знаеме кога и (особено) како треба да бараме. И овие две нешта меѓусебно не се исклучуваат, односно - може и двете да се случуваат.

Во првиот случај, никој не може да ја открие Господовата намера, зашто никој не може да ја знае Божјата промисла. Затоа ќе се воздржам и нема да кажам ништо за ова.

Од друга страна, за вториот случај можам да кажам многу работи. Прво и најважно, кога бараме нешто од Бога, не треба тврдоглаво да велиме „Мора апсолутно да го имам ова и тоа веднаш..." Зашто, ваквата молитва не само што е апсурдна, туку е и навреда кон нашиот Создател. Кој си ти, или еве, кој сум јас, па да барам нешто од Господа? И не само тоа, туку зарем треба да Му кажам кога точно треба да ми ги исполни овие мои барања!?

- Но, мил старче... ниту сум барал нешто, ниту сум поставил временска граница... Ова многу добро го знаеш. Барам нешто само затоа што сега веќе мојот проблем е стар со години....

– Токму за тоа и ти зборувам, и на овој начин ти ја објаснувам причината поради која чекаш толку долго. Со други зборови, кога бараме нешто од Бога, тпа треба да го направиме учтиво и молежливо, па дури и тогаш само накратко. Ако гледаме дека Господ продолжува да ни ја одбива молитвата, тогаш и ние треба да престанеме да Му додеваме. Кога упорно настојуваме на нешто, како што е во твојов случај, исполнувањето може само уште повеќе да ни се одложи. И тоа е причината поради која треба да престанеме со прозбите. И кога еднаш ќе заборавиме на целата работа, молитвата ќе ни се услиши без воопшто да бидеме свесни за тоа. Затоа што, Бог никогаш не заборава. Тој ја примил нашата порака! Ќе ја сочува и, кога ќе созрее времето, соодветно ќе ни одговори, ќе ни ја услиши молитвата! Затоа, никогаш не треба да навалуваме Бог да го направи токму тоа што ние од Него го бараме, а особено не во од нас точно определеното време. Тоа не раѓа никаков плод. Напротив, може да ни наштети, наместо да ни донесе некакво добро. Во случај каков што е твојот, кога прозбата е толку силна, и потекнува од личност којашто не е спремна да се откаже од неа, тогаш сѐ може да се случи, и сигурно нема да излезе на добро. Чедо мое, посакувам да сфатиш дека никогаш не треба да ја менуваме Божјата промисла, колку и да сметаме дека тоа го правиме заради добри цели, за наше добро. Кога и да треба да примиме нешто, никогаш не треба да трчаме по него, туку да го оставиме на Божјата волја. Во спротивно, колку повеќе трчаме по нештото, толку подалечно ни станува тоа! Направи споредба со сенката. Колку и да си брз, никогаш не можеш да си ја фатиш сенката! Колку и брзо да трчаш, никогаш не можеш ниту да побегнеш од неа! Појасно ли ти е сега што мислам за упорноста?

– Јасно ми е, старче, но не се согласувам со тебе....

– Во тој случај ќе ти дадам еден прост пример за да видиш дека ќе се согласиш со мене. Замисли сега да земеме едно широко шише, со доволно широко грло за да можеш раката да ја провреш низ него (и на ист начин да можеш да ја извадиш). Е сега, откако си ја ставил раката во шишето, ги стегаш прстите во тупаница, и истовремено сакаш да ја извадиш раката надвор. Набрзо ќе увидиш дека, колку силно и да се обидуваш, невозможно е да успееш во тоа и раката ќе ти остане во шишето. Можеш, ако сакаш, да се обидуваш со денови, месеци, па дури и години, но нема да постигнеш никаков резултат. Од друга страна, во моментот кога ќе ги опуштиш прстите, кога нема да ти бидат собрани во тупаница, твојата рака ќе излезе од шишето на ист начин како што претходно влегла! Истово се случува и со твојот проблем. Сѐ додека навалуваш да изнудиш решение, решението ќе ти бега. И сега помни што ќе ти речам: ако сакаш да дојдеш до решението, треба да престанеш упорно да настојуваш. Бог и без тоа ги знае сите твои проблеми. Си се помолил. Тој ќе одлучи. Те молам, очекувај го Неговиот одговор во мир и вера. Ако на овој начин се однесуваш, ќе

НИКОГАШ НЕ ТРЕБА ДА НАВАЛУВАМЕ БОГ ДА ГО НАПРАВИ ТОКМУ ТОА ШТО НИЕ ОД НЕГО ГО БАРАМЕ, А ОСОБЕНО НЕ ВО ОД НАС ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕНОТО ВРЕМЕ. ТОА НЕ РАЃА НИКАКОВ ПЛОД. НАПРОТИВ, МОЖЕ ДА НИ НАШТЕТИ, НАМЕСТО ДА НИ ДОНЕСЕ НЕКАКВО ДОБРО.

имаш потврден одговор. Ако продолжиш да настојуваш, на начинот на којшто ти правиш, ќе видиш дека ќе постигнеш обратен резултат. Те советувам да престанеш да се грижиш за проблемот, ако сакаш Бог да се погрижи за него!

– Да, но што е со „Тропајте, и ќе ви се отвори. Барајте, и ќе ви се даде“? Што со ова, старче? Ако престанам да тропам на вратата Божја, како ќе ми отвори? И пак, ако престанам да барам, како ќе ми даде нешто?

– Сè зависи од тоа како тропаш на вратата, за да ти се отвори, и како бараш нешто, за да ти се даде. Доколку, на пример, се осудиш бучно и заканувачки да тропаш на вратата, биди сигурен дека никој никогаш нема да ти отвори! А дури и да ти отвори, не очекувај домаќинот гостопримливо да те поздрави. Многу е посигурно дека ќе те пребие! И напротив, ако благо и молежливо тропнеш, вратата ширум ќе ти се отвори, а домаќинот ќе ти укаже секакво гостопримство! Истото можеш да го очекуваш ако од некого бараш нешто. Ако бараш бучно и заканувачки, никогаш ништо нема да добиеш, додека ако благо и молежливо побараш, веднаш ќе ти биде дадено тоа што го бараш. Во голема мера ова е најточно за Бога, Кој не одговара на притисоци, галами и закани од било кого. Да не даде Бог да е обратно. И така, гледаш дека не е доволно само да тропаш на вратата Божја, туку да знаеш како да тропаш, за еден ден таа да се отвори. Истото важи и кога бараме нешто од Него. Повторно, не е важно колку пати сме побарале, туку на каков начин сме го сториле тоа.

Длабоката мудрост на отец Порфириј јасно се воочува во погоре опишаниот настан. Тоа што светиот старец, всушност, ни го вели е да немаме сопствени барања, и никогаш да не бараме ништо друго, освен волјата Божја. На овој начин од нашиот живот исчезнува секаква тага, а ние се радуваме затоа што, што и да се случи нè радува, примајќи го како Божја волја.

Да го имаме неговиот благослов.*



*Св. старец Порфириј*

* *Записот и коментарот во заклучокот е на јеромонах Сава Светогорец*



# ЗА ОСВЕТУВАЊЕТО НА ДОМОВИТЕ

Презвитер Александар Ермолин

Осветувањето на станот и автомобилот, како што изгледа, се едни од најраспространетите треби во денешно време. Нив ги „нарачуваат“ најразлични луѓе, поради различни причини и со различен однос кон осветувањето што го врши свештеникот. Еден сака „сè да му оди како што треба“, друг се жали дека дома „му влегол нечист дух“, или пак дека „сонува покојници“. Има и такви што разбираат дека осветувањето на еден дом, или на било што друго, не е универзално решение на проблемите, туку Божји благослов.

**„Нешто се случува“**

Еднаш ми се јави една жена којашто беше многу растревожена, и ми рече дека во нејзиниот дом имало бесови. Појдов да го осветам станот, спремајќи се за нешто страшно. Но, штом влегов, ништо особено не забележав.

- Каков проблем имате?, ја прашав.

- Знаете, синоќа од студ ни пукнаа цевките, и беше многу страшно. Сигурно сето ова не можело да помине без бесови.

Си позборувавме, јас го осветив станот и ѝ објаснив дека пред сè треба да

живееме нормален духовен живот - да се исповедаме, да се причестуваме, и дека Господ нема да нѐ остави.

Има многу вакви случаи. Еднаш осветував стан на луѓе кои постојано ги сонувале упокоените членови од нивната фамилија. Одамна не бев видел толкаво количество на окултни предмети на еден метар квадратен: неколку вампирчиња, еден цел куп жаби со парички во уста, потковици, а сето тоа како позадина на „окото на Фатима“. А сопствениците, пак, се немаа причестено повеќе од 15 години.

Затоа, пред да пристапам кон осветување, бев принуден да им изречам една сериозна „прочистителна беседа“, по што вампирчињата летнаа во корпа, а станарите се исповедаа.

Луѓето од групата „нешто се случува“ сфатиле дека има Бог, дека постои духовен свет, но кон сето ова прибегнуваат само како кон средство за заштита од некаква животна опасност. Тоа се луѓе со пазарно-наемнички однос кон Бога: „Ти, Господи, дај ни ова и ова, заштити нѐ, спаси нѐ, а ние Тебе... еве, една свеќа ќе Ти запалиме“.

Тука треба да ги спомнеме и луѓето што сакаат да им се „исчисти куќата“. Оваа категорија на луѓе се препознава лесно, дури и откако ќе кажат само неколку збора, без оглед дали зборуваат по телефон или во живо: „Ако може да ни се исчисти куќата...“ Се борат со црна магија, уроци, лоши енергии... За жал, тие се „религиски сештојадци“. Сакајќи да си ја „исчистат куќата“, тие ќе се обратат кон свештеник, и кон шаман, и кон оџа, и кон кого уште не!

Меѓу другото, овие луѓе на секаков начин ќе се обидат да го осветат станот и по неколку пати. Токму затоа, пред да осветам некој стан, ги прашувам домаќините дали станот е претходно осветен. Не е на одмет човек и да разгледа наоколу – на ѕидовите лесно се забележуваат крстиња ако претходно се случило осветување.

## „Сѐ да ми оди како што треба“

Ова се многу повесели луѓе. Најчесто, си купиле нов стан или автомобил, одат во храмот и од отецот бараат да им го освети новиот имот. Да го освети, за „сѐ да биде во ред“: автомобилот да не се соочува со хаварии, куќата да пука од изобилство и слично.

Со овие луѓе можеш пријатно да зборуваш, ако ништо друго, тогаш заради тоа што се добро расположени, за разлика од оние на кои „нешто им се случило“.

Во овие случаи со радост осветувам. Со радост, но и претпазливост. Зошто претпазливост? Затоа што при проповедта се грижам да потенцирам дека осветувањето на имотот не е најважно. Им велам: „Господ ги осветува нештата и стварите, но главното што треба да се освети, сме самите ние. А човек се осветува со правење добро, живеејќи според евангелските заповеди“.

Луѓето понекогаш сакаат осветување, за „сѐ да ни оди напред во семејството“. Не им откажувам и на овие луѓе, но во овој случај сум принуден да влезам во улога на семеен психолог. Имено, им кажувам дека семејството се гради со трпение, со взаемна почит. Им ги цитирам зборовите на апостол Павле, што се читаат за време на браковенчание. Искрено се надевам дека во нивните семејства, после светувањето сѐ тргнало напред.

## „Така треба“

Има и луѓе коишто многу добро разбрале дека осветувањето на домот или автомобилот е нешто добро и дека „така треба“. Нели, штом сме православни христијани, треба да се осветуваме и себеси, но и сѐ друго што се наоѓа околу нас: куќа, стан, автомобил итн. Но, притоа

треба да знаеме дека осветувањето не е универзално решение за сите проблеми, туку призив на Божјиот благослов, и дека човек треба сам да го изоди својот пат кон Бога.

За жал, ваквите луѓе се поретки од другите кои веруваат дека нешто лошо им се случило, или кои едноставно сакаат сѐ да им оди како што треба. Сепак, ги има и овие, и тоа се најчесто воцрковените луѓе кои учествуваат во црковните Таинства и кои разбираат за што станува збор.

Тие ги разбираат зборовите на св. Јован Кронштатски, според кого „обредите на осветување произлегле од крајната нужда на самата природа или елемент, и по потребите на самите луѓе... Целата природа, сите елементи непрестајно се сквернават и уништуваат од човечките гревови, од темните и лукави духови што живеат во воздухот, бревтаат и раѓаат секакви болести. Се јавува неопходна потреба за црковно осветување и исцелување на овие елементи“.



**Кога да се изврши осветување?**

Во црковните средини повремено се разговара за тоа дали треба да се осветува подвижниот и неподвижен имот на луѓето што живеат нецрковно. Јас сметам дека треба. Треба да осветуваме и да разговараме со луѓето. Штом човек дошол во храмот и побарал да си го освети живеалиштето или автомобилот, па макар тоа да го бара и поради некаква нам чудна причина, тој веќе го преминал црковниот праг, дошол кај нас. Останатото е работа на свештеникот, кој треба да поразговара со тој човек, да му објасни што е осветувањето, да ја допре неговата душа и да го привлече кон Црквата.

Уште еден настан од мојот свештенички опит. Еднаш го осветував станот на едни многу добри луѓе. Но, штом го преминав куќниот праг, забележав многу езотерични предмети. И разговаравме, долго разоваравме. Им објаснив како православието гледа на учењето за „уроци“ и „црна магија“, зошто различните суеверија не се во согласност со православието, и после сѐ, луѓето се отарасија од овие предмети. Значи тогаш, при осветувањето на нивниот дом, тие за прв пат сфатија дека за да бидеш православен, не треба само одвреме-навреме да запалиш свеќа в црква, туку да живееш христијански, со љубов да им служиш на луѓето околу тебе. Не знам дали започнаа да се црквуваат, но искрено се надевам дека барем нешто од тоа што го кажам им се вгнезди во срцата.

А кога не треба да вршиме осветување? Не може да се осветува нешто што претходно било осветено. Не бива да осветуваме и во случај кога човек отворено ги исповеда неговите нецрковни ставови или пак ти кажува дека сето ова го прави само за да „привлече позитивна енергија“.

Меѓу другото, многу добро има напишано св. Теофан Затворник:

„Целата благодат што од Бога ни доаѓа преку светиот крст, светите икони, осветената вода, моштите, нафората, вклучително и од пречистите Тело и Крв Христови, ја пројавува силата само кај оние што се достојни за таквата благодат преку нивното покајание, смирение, љубов, служба, милосрдие и другите христијански добродетели. Но, ако луѓето не се украсени со вакви добродетели, благодатта нема да им помогне, зашто таа не делува автоматски, како талисман, за лажните христијани кои немаат христијански дела и добродетели.“

## Одговор

Секоја треба, секоја Божја благодат, секоја светиња - сето тоа секогаш е Божји повик кон човекот. Повик на кој треба да се одговори, да се стори нешто што Христос го бара од тебе. Кога осветувам автомобил, јас секогаш на луѓето им велам едно нешто: ова осветување значи дека преку автомобилот ќе треба да посведочиш дека си христијанин, да го користиш возилото за правење добри и евангелски дела. А не само да закачиш крсте и икони во неа. Не!

Направи нешто добро со автомобилот – помогни му на ближниот што доцни некаде, префрли болен до болница, помогни им на тие што пострадале по пат, префрли ги луѓето што чекаат на дожд. Нели си го осветил возилото, нели си примил благодат од Бога?

Си го осветил домот? Живеј христијански во него! Си ги осветил канцелариите? Работи човечно и пројави љубов преку работата! Само така црковниот ритуал ќе има смисла и ќе ти послужи на добробит и спасение.

## Осветување: кратка инструкција

Денес луѓето многу сакаат да читаат и пишуваат инструкции. Изгледа дека така им е најпријатно. Затоа и јас решив да напишам кратка инструкција на оваа тема.

1. Осветувањето не е некакво универзално решение на сите проблеми во твојот живот. Осветување на некоја ствар значи дека неа ја посветуваш на Бога, односно дека преку неа ќе Му служиш на Бога, ќе вршиш добри и евангелски дела.
2. Прво нешто што треба да го осветиме, сме самите ние. Сите ние, православни христијани, сме повикани кон светост. Да живееш според евангелските заповеди, тоа е твојата главна задача како православен хрстијанин, а осветувањето на материјалните предмети доаѓа после тоа.
3. Сепак, материјалните предмети треба да се осветат. Православниот христијанин треба да се стреми кон осветување на својата животна околина – се разбира, во рамките на нормалноста.
4. Секој благослов е Божји призив кон човекот. Господ ти ја дава Својата благодат, ги осветува твоите материјални добра, и од тебе очекува и ти да се осветуваш и да врвиш по Него.
5. Православното осветување е неспоредливо со паганството. Дома, на работа или во автомобилот на еден православен хрстијанин не треба да има никакви пагански симболи: ниту потковица, ниту талисман, ниту хороскопски знаци. Сето тоа не е во согласност со христијанството.

ГОВОР

# СЛОБОДА ОД ГРЕВОТ

Кирил, Патријарх Московски и Руски



Ваша Екселенцијо, длабокопочитуван Нурсултан Абишевич! Почитувани водачи на светските религиски традиции, државни и општествени дејци!

Живееме во епоха на надежи, промени и потреси, кога многу претходни модели на општествен развој престанаа да функционираат. Во минатото столетие започна активно да се промовира и сè уште се промовира идејата на владеењето на автономниот разум, на максималната слобода и на незауздaноста, на постојаното ширење на секуларизмот, на одделувањето на личноста од Бога и преданијата. Притоа, во најдобар случај, религијата се сместувала во културен или етнографски кластер. За сето тоа се користеле и се користат најновите достигнувања во политичките и информациските технологии. Се случувало човечките „маси“ да се претворат не само во субјект, туку во во објект на пазарот на стоки и идеи. Милиони наши современици, во основа млади луѓе, се учесници во глобалниот експеримент на наметнување на потрошувачкиот, утилитарен систем на вредности.

Никогаш претходно во својата историја човештвото не доживеало такво систематско наметнување на еден глобален стандард – социјален, културен стандард

на еден светоглед. Кариеризмот, односот кон предметите, стилот на однесување, па дури шаблонот на размислување – сето тоа како да подлежи на тоталитарна унификација. Денес гревот станува норма, затоа што во потрошувачкото општеството нема место за моралност, туку само за удобност. Ако во минатото човекот размислувал преку категориите на доброто и злото, ако се прашувал за моралната допуштеност на некои појави, тогаш денес на сите многу поедноставно им е да мислат преку категориите на „удобно–неудбно“, „корисно–некорисно“, „исплатливо–неисплатливо“.

Поради својата удобност, младите парови доброволно се откажуваат од раѓање на деца и ги убиваат зачнатите младенци. Поради истата таа удобност, ги праќаат престарените родители во специјални болници и домови за стари лица, само за да не им сметаат во животот. Поради удобност се уништува семејството и на жената ѝ се одзема правото на мајчинство, а истовремено, современите технологии ја претвораат жената во платен инкубатор. На крајот од краиштата, поради удобност се прибегнува и кон евтаназија, затоа што животот во страдања и болести веќе не се смета за живот и е непотребен.

Среде ваквите околности, верата може да му помогне на човекот да ги препознае правилните и неправилните цели. Таа на личноста ѝ дава потенцијал за самореализација, а истовремено на човекот му ја покажува онаа граница после која се губи смислата на неговиот живот, на неговото достоинство и на самиот поим „човек“. Чувањето на човековата вистинска слобода, на слободата од поробувањето од пороците и реализирањето на вечната предназначеност на човекот – ете каков е долгот на религијата во нашиот свет.

Атеистичкиот модел на развивање на народите се сруши заедно со идеологијата на 20. век. Историјата на ова столетие покажа дека бришењето на религијата од едно општество значи бришење и на моралот, бришење на срцето. Ако општеството во кое мнозинството го сочинуваат луѓе кои веруваат, поради нешто биде прогласено за тотално „секуларно“, ако религијата се трудат да ја втурнат во гето, одделувајќи ја од социјалните процеси, тогаш го повторуваат пропаднатиот експеримент на државите со водечка атеистичка идеологија. Ете зошто несовесни, дури и нереални изгледаат аналогните обиди што се случуваат во денешниот свет. Тие ќе се срушат на ист начин како што се сруши грандиозниот проект на државниот атеизам.

Денес се знае дека маргинализирањето на традиционалните религии во општествениот живот не води и до нивен пад. Затоа што наклонетоста кон Бога, кон верата е природна за човекот. И онаму каде што се прекинува или игнорира оваа (за човекот) органска религиозна традиција, се раѓаат или однадвор се увезуваат нови религии. И неретко тие се малигни. Со геометриска прогресија расте бројот на конфликти на национална и религиозна основа. Луѓето кои се лишени од традиционалните механизми на воспитување стануваат извор на агресија, притоа и на меѓурелигиски план.

Во врска со ова вреди да го спомнеме и проблемот на псевдорелигискиот екстремизам. Нечовечните постапки, чии жртви се цивили, не се само резултат на злите намери на бандитите кои ги осудуваме. Тоа е последица и на религискиот вакуум, отсуството на вистинска претстава за религиските традиции. Државите се борат со тероризмот, ги уништуваат агресивните фанатици, и со право го прават тоа, зашто општеството треба да се заштити. Но, истовремено е неопходно да се реши проблемот во корен: на народите да им се даде можност мирно да ја исповедаат својата исконска вера, да ја развиваат

својата национална култура, воплотувајќи ги сите овие фактори во устројството на семејството и учествувајќи во регулирањето на општествените односи.

Соодветна улога во превенцијата на меѓуетничките и меѓуверските конфикти му припаѓа на образовниот систем. Преку прифаќањето на културното и верско наследство се формира личноста на човекот и се развива цивилизацијата. Религиското образование го води човекот кон постигнување на Божествената замисла за него, го учи на морално поведение. Затоа, од особена важност е поддршката на државата дадена за религиските образовни програми, за луѓето да можат да ги изучат културните основи и традиционалното уредување на животот на својот народ.

Има уште еден глобален проблем што ги загрижува нашите современици. Заштитата на човековите права е поставена за приоритет во светската и државна политика. Поради заштита на слободата на човекот се организираат голем број конференции и средби, се носат и усвојуваат најразлични документи. Притоа, целиот овој вложен напор честопати има еднострана политичка цел и светоглед, што сè почесто добива тоталитарен призвук. Некои добро организирани малцинства успешно ја наметнуваат својата волја врз мнозинството, а сето ова под плаштот на заштита на правата на човекот. Но, истовремено, во светот не се намалува кршењето на правата на верниците, притоа и на христијаните, тргувањето со луѓе, сиромаштијата, гладот, сексуалната експлоатација на жените и децата. Тоа се само некои од најголемите нарушувања на човековите права.

Ако индустријата на човекови права е лишена од духовно—морален суд, ако таа стане инструмент на политичка пропаганда и промоција на еден светоглед во штета на останатите — нејзините плодови ќе донесат многу неправда, порочност и гревови, искористување и гордост, кои можат да станат, а и веќе се, многу реални проблеми на луѓето.

Денес ние, верските водачи, сме повикани јасно да зборуваме за погубноста на обидите да се изгради свет без Бога – свет во кој ќе господарат страстите и егоизмот. Во ова наше сведоштво ние ќе имаме многу сојузници, вклучувајќи ги тука и луѓето што не се верници. Од лично искуство знам колку голема поддршка за многу програми на Руската Православна Црква денес даваат луѓе кои не се верници. И мене искрено ми е мило што многу држави и нивните лидери помагаат гласот на верските работници да биде чуен во целиот свет.

Казахстан и неговиот гостопримлив главен град веќе по четврти пат стануваат глобално место на разгледување на проблеми од општ карактер врз основа на дијалогот меѓу верските заедници. Не може да не се израдуваме и на учеството на државните органи, со што на верските лидери им се нуди прекрасна можност да се соберат заедно и да поразмислат за тоа како да им се одговори на предизвиците кои се заеднички не само за нашите верски заедници, туку и за поголемиот дел од човештвото.

Нурсултан Абишевич со право ја спореди религијата со птица. Птица што лета над полињата, шумите и градовите – тоа е прекрасен симбол, близок на духовното разбирање на светот. Верата на човекот му дава можност да се оддели од едноличното овоземно битисување и од височината на птичјата перспектива да ги погледне светските настани, да ја разбере нивната вистинска смисла. Уверен сум дека ние, верниците, сме повикани да ја сочуваме способноста за ваквиот увид, и да го споделиме со сите луѓе. Ви благодарам на вниманието.



*Празнување на иконата на Мајката Божја „Достојно ест“ на Света Гора*

# НАДЕЖ

Георгиј Кодр, Митрополит Ливански

Бог не ти се наметнува. Тој сака ти да го посакуваш спасението. Спасението на кое се надеваш се совршува во Бога, Тој совршено ти го предава и ти го прифаќаш. Ако го прифатиш, настапува верата. Вера е кога ти знаеш дека Бог е твое прибежиште, дека Тој е твое сокровиште и дека без Него не можеш да живееш. Ова е тајна, дека ти пребиваш во Бога, дека Тој е просторот во кој ти постоиш. Тој е единствениот простор во којшто постоиш, но ти не си Тој, иако со во Него. А сето ова може да се сфати единствено во љубовта. Твоето пребивање во Бога значи дека ти се движиш кон Него, зашто сите наши односи со Него се движење. Луѓето на љубовта ги разбираат овие зборови зашто се ослободени од рамките на просторот.

Нашето постоење во Бога е нашиот двиг кон Него, но и тој двиг кон Него ни е даден од Него. Овој двиг е надежта што Господ ја положува во нас, ако Тој така повела. Ние се надеваме. Односно, ние се движиме кон она на што се надеваме, зашто Бог доаѓа. Го гледаме во сѐ она што Го навестува. Одново Го гледаш. Бог останува неподвижен, односно Тој е верен на Себеси, никогаш не го намалува тоа што ти го дава, зашто никогаш не ти дава ништо помалку од Себеси. Тој е ист „и вчера, и денес и во веки“. Ако се надеваш, тогаш знаеш дека тоа на што се надеваш веќе го имаш и е во тебе.

Ти на Бога се надеваш. Значи, ти го бараш тоа што секојдневно ти доаѓа од Него зашто знаеш дека Он е верен на себеси и дека ти го дава тоа што е во Негова власт - односно, сѐ ти дава. Надежта е тоа што ќе дојде, но дошло веќе во Бога Кој доаѓа. Тоа што ти го просиш е продолжено божествено дарување. Ако верата совршено пребива во Бога, тогаш надежта е тоа што го очекуваш од Господовите постојани дарови. Вистинското начење на твоето надевање е дека ти се движиш кон тоа што дошло, зашто Господовите дарови за тебе биле, се и ќе бидат дарени. Ние сме со Бога вистински - не со она што ќе дојде, туку со тоа што не знае за промена. Со Бога сме постојано.

Надеж не е кога чекаме ја чекаме иднината што е подобра од минатото. Надежта е вистинска вера во вечноста на божественото дарување, а тоа што Тој денес ни го дарува е истото што ни го дарувал и вчера. Се надеваш затоа што и утре ќе го имаш она што си го имал вчера, зашто Господ е ист, а Тој е Оној Којшто дарува.

Кога зборуваме за надежта, не зборуваме за нешто што не ни е познато. Вистински и длабоко, верата и надежта се едно. Надежта не е ништо друго, освен вера, зашто се надеваш на нешто во што веруваш. Се надеваш на она што постои.

Спротивно на надежта е помирување со променливоста. Ти знаеш дека Бог не само што дошол, туку Тој вечно доаѓа и ќе дојде. Во љубов. Не веруваш дека иднината е подобра од минатото. Веруваш дека Бог секогаш е покрај тебе и прави ти да си во согласност со Него и покрај Него. Надежта е доверба дека Бог е во склад со она што е, зашто времето не Го менува и Тој те придружува покрај твоите промени.

Надежта не е убедување дека иднината и промените што таа ќе ги донесе се подобри од сегашноста. Попрво, таа значи дека Бог, во Неговата љубов, е ист денес и утре. Од оваа гледна точна, надежта е вера. Зашто, Тој е Бог, и денес ти го дава тоа што вчера ти го дал. Ти веруваш само во едно нешто, дека Бог е верен на себеси. И затоа може да речеме дека надежта е исто што и верата.



*Црква на Успението на Пресвета Богородица во Родос*

ПРЕДИЗВИЦИ

# ЦРКВАТА И „НЕВИДЛИВИТЕ ДЕЦА“

Венди Цвиклински



Со терминот невидливи деца“ се опишуваат децата чии болести, иако се сериозни, се невидливи, скриени од окото. Мозочните заболувања, иако се биолошки, често не се воочливи на прв поглед, па овие деца навидум изгледаат како сите други. Дополнително, овие деца може да имаат нормална интелигенција, што им помага да се вклопат во средината. Сепак, поради фактот што дијагнозата на нивното заболување и соодветниот третман најчесто доцнат, овие деца покажуваат невообичаено и девијантно однесување, се откажуваат од образовниот процес, стануваат суицидални и/или застрануваат во сферата на малолетничка деликвенција.

За разлика од децата со церебрална парализа или даунов синдром, недостатоците на овие деца не се видливи. Сè повеќе деца се дијагностицираат со хиперкинетичко пореметување (познато како ADHD), аутизам, депресија или биполарно растројство. Овие заболувања се видливи преку симптомите што се забележуваат во однесувањето на детето. Како наивни набљудувачи, пак, на нивната хиперактивност ние најчесто реагираме осудувачки, и неретко може да се слушнат гласни коментари во стилот „Немало кој да го воспита ова детиште!“ или „Море, за вакви деца само ќотек!“.

Нашето општество сè уште е во фаза на негирање на овие болести и заболувања. Но, за семејствата кои се соочуваат со своите „невидливи деца“, ваквите дијагнози се многу реални. Овие заболувања се признаени од медицинскиот свет и макар што сè уште се проучуваат, за нив постои медицински третман. Од друга страна,

ниту еден родител не сака неговото дете да има некаква болест или заболување. Но, за жал, симптомите на овие болести најчесто се пројавуваат како своеволно однесување, што дополнително ја отежнува нивната дијагноза.

Заедницата, пак, наместо да му помогне на семејството на ваквото дете, најчесто го осудува и исклучува, иако на ова семејство му треба духовна помош за да ги надмине потешкотиите со кои се соочува, а кои напати изгледаат како да се ненадминливи.

## „Што ли прават овие семејства дома?“

Децата со нарушување на расположението тешко се смируваат, и понекогаш може да „беснеат“ со часови. Истовремено, може да се физички и вербално агресивни. Нивното однесување не е последица на воспитувањето што го добиле од родителите. Ако овие заболувања ги гледаме како, да речеме, стомачен вирус, ќе сфатиме дека родителот, колку и да се труди, не може да го спречи повраќањето на своето дете. Значи, и најдобриот родител не може да влијае на ваквото психичко „повраќање“ на своето дете. Родителите на ваквите деца најчесто се презафатени со одење по прегледи и консултации. И училиштето знае да биде проблем, особено кога детето не се однесува доволно стабилно за да посетува обична настава.

Соседите, поради многу причини, се оддалечуваат од ваквите семејства, а неретко, за жал, ги сметаат и за „социјално лепрозни“, што дополнително ја отежнува целата ситуација.

## Како да помогнеме?

Најважно, како христијани, е да им помогнеме на овие семејства. Треба да се понудиме секогаш кога можеме, колку и да ни ја одбиваат понудената помош. Ако семејството има и други деца, може да помогнеме околу нив – да ги префрлиме до училиште, да им помогнеме со задачите и учењето. Затоа што, кога едно од децата е болно, како по правило целата динамика се фокусира на него. Оттука, потребна е нашата дополнителна грижа за другите деца.

Може да помогнеме и в црква, да се погрижиме за овие деца на богослужбите, за родителите барем малку да одморат. Или, пак, да приготвиме оброк за целото семејство, со што барем малку ќе им помогнеме во носењето на крстот. Мал гест на внимание може да направи голема разлика. Важно е да ги интегрираме овие деца со другите: од меѓусебната игра ќе научат и едните и другите.

На крај, треба да се фокусираме на добрите искуства и епизоди, и да ги охрабриме да продолжат во иста насока. И запомнете: најважно е што овие деца и нивните семејства и покрај сè, доаѓаат на богослужба. Тоа е големо постигнување за нив, но и за сите нас, како Црква.

ОДНЕСУВАЊЕ НА ОВИЕ ДЕЦА НЕ Е ПОСЛЕДИЦА НА ВОСПИТУВАЊЕТО ШТО ГО ДОБИЛЕ ОД РОДИТЕЛИТЕ. АКО ОВИЕ ЗАБОЛУВАЊА ГИ ГЛЕДАМЕ КАКО, ДА РЕЧЕМЕ, СТОМАЧЕН ВИРУС, ЌЕ СФАТИМЕ ДЕКА РОДИТЕЛОТ, КОЛКУ И ДА СЕ ТРУДИ, НЕ МОЖЕ ДА ГО СПРЕЧИ ПОВРАЌАЊЕТО НА СВОЕТО ДЕТЕ.

ДЕТСКИ БУКВАР

# Пресветата Мајка Божја



*Богородица со Христос. Манастир „Св. вмч-чка Екатерина“, Синај.*

Знаеме дека љубовта Божја кон човекот е голема. Тој сѐ создал за човекот, и него го поставил за круна на своето создание. Сепак, оваа љубов најмногу се пројавува во доаѓањето на Месијата, Спасителот на сите луѓе, Исус Христос, на земјата. Пророците во Стариот Завет прорекле дека Бог нема да го остави човекот сам, туку дека ќе Го испрати Искупителот, Кој повторно ќе ги помири луѓето со Бога и ќе им ги отвори вратите на рајот. Но, какво е потеклото на Спасителот?

Еден голем пророк којшто живеел 800 години пред Христос да се роди, пророкот Исаија, јасно кажал: „И ќе потера фиданка од Јесеевата пењушка, и стебло ќе израсне од нејзиниот корен“. Односно, Месијата ќе биде потомок на Јесеј, којшто бил татко на цар Давид.

Ова пророштво навистина се исполнило, а во него дури се зборувало и за мајката на Искупителот. Таа е најблагословената меѓу жените, најчистата, најверната и најсмирената Дева Марија, ќерката на Јоаким и Ана, преку која се исполниле сите големи пророштва, и која станала Богородица, Мајка Божја. Како христијани, сите неа ја сакаме и ја почитуваме како Пресвета.

Бидејќи е Мајка Божја, во Црква често славиме празници што се поврзани со животот на Пресвета Богородица: го славиме нејзиното рождество (Мала Богородица), воведувањето во Храмот (Пречиста), примањето на добрата вест кога Архангел Гаврил ѝ објавил дека ќе Го роди Спасителот (Благовештение), нејзиниот собор на ден после Божик и, секако, нејзиното успение (Голема Богородица).

Денес ќе позборуваме малку за празникот на Успението на Пресвета Богородица, познат и како Голема Богородица. Него го празнуваме на 28. август секоја година, само неколку дена пред да започне новата учебна година. Колку е значаен овој празник ни говори и тоа што четиринаесет дена претходно сите ние постиме за да се подготвиме што подостојно и посвечено да го празнуваме овој празник на Мајката Божја.

Но, кој настан го празнуваме на овој празник? На три дена пред да премине од овој живот, на Пресвета Богородица ѝ се јавил Архангел Гаврил кој ѝ рекол дека за три дена ќе се упокои. Со голема радост Пресветата се вратила во домот на светиот апостол Јован, и со срцето силно посакала уште еднаш да ги види сите апостоли. Господ ѝ ја услишал оваа молитва, и сите апостоли одеднаш со собрале во домот Јованов. Мајката Божја уште еднаш ги охрабрила апостолите, ги посоветувала и утешила, и потоа во мир го предала својот дух на Бога, без никакви маки и болести. Апостолите потоа ја погребале во Гетсиманската градина, во гробницата на нејзините родители. На средбата, пак, пред да се упокои, не присуствувал апостол Тома, кој стигнал три дена по нејзиното погребение. Кога посакал уште еднаш да го целива телото на Пресветата, апостолите го отвориле нејзиниот гроб, и ја нашле само плаштаницата. Истата вечер таа им се јавила на апостолите и им рекла: „Радувајте се, јас ќе бидам со вас засекогаш“.

Помалку познати зборови и фрази:

- ☞ Месија - еврејски збор за Христос
- ☞ Пророци - свети луѓе кои живееле пред многу векови и го најавиле доаѓањето на Исус Христос
- ☞ Стар Завет - дел од Библијата напишан пред Раѓањето Христово
- ☞ Искупител - едно од имињата на Исус Христос
- ☞ Пресвета - најсвета меѓу сите луѓе и светители

Како гласи црковната песна што ја пееме на Успение?

При раѓањето девството го сочува,
при упокојувањето светот не го остави, Богородице,
се претстави кај Животот,
Мајко на Оној Кој е Живот,
и со Твоите молитви ги избавуваш од смрт нашите души.

Дали знаеш дека...

Во Грција постои еден полуостров, наречен Света Гора, каде што има дваесет манастири и живеат многу монаси, кои особено го почитуваат споменот на Пресвета Богородица, а самото место е наречено „Градина на Пресвета Богородица“?

# ОД ЕПАРХИСКОТО ИЗДАВАШТВО




РОМАН НА ГОДИНАТА
ЗА 2012

ПРОДАДЕНИ НАД ДВА
МИЛИОНИ ПРИМЕРОЦИ ШИРУМ
СВЕТОТ И ДОПОЛНИТЕЛНИ
ЧЕТИРИ МИЛИОНИ
ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИМЕРОЦИ

БЕСТСЕЛЕР ПРЕВЕДЕН НА
АНГЛИСКИ, ГЕРМАНСКИ,
ФРАНЦУСКИ, ШПАНСКИ,
ИТАЛИЈАНСКИ, РОМАНСКИ,
КИНЕСКИ, ГРЧКИ, СРПСКИ И
ПОЛСКИ ЈАЗИК













**СИТЕ КНИГИ**

www.koe.mk/izdavastvo/

**НАРАЧКИ**

www.koe.mk/naracki/
kontakt@koe.mk

www.koe.mk